Гликерија Илиоска

# ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

## ЗА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА И УЧЕБНИКОТ ПО

# ОПШТЕСТВО

## ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

Скопје, 2022







ГЛИКЕРИЈА ИЛИОСКА

# ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВНИЦИ

## ЗА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА И УЧЕБНИКОТ ПО ОПШТЕСТВО ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието

**Прирачник за наставници за примена на Наставната програма и учебникот по општество во прво одделение**

Автор
Гликерија Илиоска, одделенски наставник-ментор

Рецензија
Проф. Д-р Лена Дамовска, Институт за педагогија, Филозофски факултет-УКИМ –Скопје
Соња Трифуновска, одделенски наставник-ментор

Лектор
Александар Здравевски

Графички дизајн и техничко уредување
КОМА дизајн студио

Уредник: м-р Митко Чешларов;
Стручна поддршка: м-р Оливер Станојоски.

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.011.3-051:316.3(035)

ИЛИОСКА, Гликерија
Прирачник за наставници за примена на Наставната програма и учебникот по општество во прво одделение [[Електронски извор]] / Гликерија Илиоска. - Скопје : Биро за развој на образованието, 2022

Начин на пристапување (URL):
https://bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/11/PRIRACNIK-Opshtestvo-I_odd.pdf.
- Текст во ПДФ формат, 158 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 11.11.2022

ISBN 978-608-206-127-6

COBISS.MK-ID 58606085

Овој прирачник е изготвен во рамките на Проектот за унапредување на основното образование – ПЕИП, имплементиран со финансиски средства од Меѓународната банка за обнова и развој – групација Светска банка.
Мислењата и ставовите на авторката не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Меѓународната банка за обнова и развој – групација Светска банка.

Сите права се задржани. Освен за намената и целта и вообичаеното користење на делото дозволени со Законот за авторско и сродни права ниту еден дел од овој прирачник не смее да биде препечатуван или пренесуван во каква било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи и фотокопирање, документирање или да биде зачуван во систем за повторно пронаоѓање без писмена дозвола од носителите на авторските права.

## Благодарност

Посебна благодарност за несебичната помош, соработка и стручна поддршка при изготвување на Прирачников упатувам до:

1. **м-р Митко Чешларов-раководител на Сектор за развој на воспитно-образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми во Бирото за развој на образованието;**
2. **м-р Оливер Станојоски- раководител на одделение во Бирото за развој на образованието.**

Исто така им благодарам на одделенските наставници кои преку своето искуство и учество во практичната реализација на сценаријата придонесоа за подобрување на квалитетот на Прирачников:

1. **Соња Трифуновска, одделенски наставник ментор, ООУ „Гоце Делчев" - Тетово.**
2. **Лејла Иљази-Сејдиу, одделенски наставник, ООУ „Гоце Делчев" - с. Стенче, општина Брвеница.**
3. **Данче Атанасовска-Илиева, одделенски наставник, ООУ „Коста Рацин" - с. Подареш, Радовиш.**
4. **Северџан Касами, одделенски наставник, ООУ „Кирил и Методиј" - с. Стајковци, Скопје.**

**Од авторката**

## Почитувани наставници,

**Прирачникот по општество за прво одделение** претставува наставно средство за работа на одделенските наставници и е развиен преку соработка и стручна поддршка од страна на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Во него се наоѓаат нови, современи пристапи кон раното учење и развој на децата во првиот образовен циклус на основното образование. Следејќи ги насоките, во Прирачникот Ви се дава можност да ги зајакнете Вашите компетенциите за иновативен пристап во наставниот процес и за изведување на наставата во согласност со новите наставни програми.

Искрено верувам дека користењето на овој Прирачник ќе ја олесни Вашата работа и ќе биде поттик за уште покреативни часови кои ќе бидат исполнети со насмевки, ентузијазам и желба за надградување.

**Од авторката**


ОПШТЕСТВО

# СОДРЖИНА




| | |
|---|---|
| ВОВЕД | 8 |
| НАСОКИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРАЧНИКОТ | 9 |
| ДИДАКТИЧКО-МЕТОДСКИ НАСОКИ | 11 |
| ПРЕДЛОГ-СЦЕНАРИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ПО ОПШТЕСТВО ЗА I ОДДЕЛЕНИЕ | 16 |




Тема 1:


| ЈАС СУМ ДЕТЕ | 16 |
|---|---|
| КОЈ/КОЈА СУМ ЈАС? | 18 |
| ШТО МОЖАМ СЕГА И ШТО ЌЕ МОЖАМ ВО ИДНИНА? | 23 |
| ШТО МИ СЕ ДОПАЃА КАЈ СЕБЕ? (МОЈОТ СЕДМИЧЕН РАСПОРЕД) | 28 |
| ШТО МИ СЕ ДОПАЃА КАЈ СЕБЕ? (СО ТРУД ДО УСПЕХ) | 36 |
| МОИТЕ ДРУГАРИ И ДРУГАРКИ | 42 |




Тема 2:


| ЈАС СУМ УЧЕНИК | 46 |
|---|---|
| НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (НАШАТА УЧИЛНИЦА) | 48 |
| НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (НАШЕТО УЧИЛИШТЕ) | 53 |
| НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (ГРИЖА ЗА ХИГИЕНАТА ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР) | 57 |
| НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (КАКО СЕ ОДНЕСУВАМ ВО УЧИЛНИЦА, УЧИЛИШТЕ И УЧИЛИШТЕН ДВОР?) | 63 |
| НИЕ УЧЕНИЦИТЕ И НАШАТА НАСТАВНИЧКА/НАШИОТ НАСТАВНИК | 68 |



Тема 3:


| МОЈОТ ДОМ | 74 |
|---|---|
| ДОМ И СЕМЕЈСТВО - КАДЕ ЖИВЕАМ (КУЌА, СТАН)? | 76 |
| ДОМ И СЕМЕЈСТВО (СО КОГО ЖИВЕАМ?) | 83 |
| УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО ДОМОТ (КАКО СЕ ГРИЖИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ?) | 88 |
| УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО ДОМОТ (ВО МОЈОТ ДОМ МЕЃУСЕБНО СЕ ПОЧИТУВАМЕ) | 93 |
| АКТИВНОСТИ ВО ДЕНОТ (ЕДЕН ДЕН СО МОЕТО СЕМЕЈСТВО) | 98 |




Тема 4:


| МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ | 104 |
|---|---|
| МОЈОТ ГРАД/СЕЛО И МОЈАТА ДРЖАВА - КАДЕ ЖИВЕАМ (ГРАД/СЕЛО, ДРЖАВА)? | 106 |
| БЕЗБЕДНО ИГРАМ И СЕ ОРИЕНТИРАМ ВО ПРОСТОРОТ | 112 |
| БЕЗБЕДНО СЕ ДВИЖАМ И УЧЕСТВУВАМ ВО СООБРАЌАЈОТ (СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ И СЕМАФОР) | 117 |
| БРЗА ПОМОШ, ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА И ПОЛИЦИЈА | 121 |





| | |
|---|---|
| ПРИЛОЗИ | 128 |
| КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА | 157 |




# ВОВЕД

Врз основа на знаењата, вештините и ставовите што треба да ги стекнат учениците во основното образование во нашиот општествен контекст, определени се осум подрачја на националните стандарди во основното образование во нашата земја. Во нив се вклучени трансверзални компетенции и/или компетенции поврзани со определени предметни подрачја. Тие подрачја се:

I. **Јазична писменост.**

II. **Користење други јазици.**

III. **Математика и природни науки.**

IV. **Дигитална писменост.**

V. **Личен и социјален развој.**

VI. **Општество и демократска култура.**

VII. **Техника, технологија и претприемништво.**

VIII. **Уметничко изразување и култура[1].**

Оваа сложеност создава зголемена потреба за совладување на основните вештини кај учениците (како што се: комуникација, критичко размислување, решавање проблеми итн.) за да им се овозможи подобро да го разберат и да учествуваат во општеството во кое живеат. Тргнувајќи од фактот дека општествените науки се тесно поврзани со стекнување на овие компетенции, можеме да ја воочиме важноста на предметот **Општество** за градење на личност која ќе учествува и ќе придонесува во развојот на општеството, а во исто време ќе се гради себе како личност.

Наставниот предмет **Општество** во прво одделение е застапен со еден час седмично, т.е. 36 часа годишно. Темите и содржините кои произлегуваат од резултатите од учење се структуирани на начин кој овозможува да се интегрираат со другите наставни предмети и содржини, а со тоа да се овозможи трансверзалност во погоре споменатите подрачја.

Прирачников е замислен да им служи на наставниците[2] како работно помагало и негова цел е да придонесе во развојот на компетенциите на наставниците и промовирање на инклузивноста, интеркултурноста и родовата рамноправност/сензитивност. Намерата е преку Прирачникот да се добијат идеи, инспирација и практична помош за примена на иновативни педагошки приоди кои ќе придонесат учениците да развиваат знаења, вештини, вредности и ставови што ги промовираат националните стандарди. Во него се дадени примери за тоа како учениците можат да ги покажат овие компетенции и примери за начини на кои наставниците можат да ги поддржат знаењата, вештините и ставовите на учениците: ангажирање во учењето, решавање на проблемите и нивната иницијатива и креативност.

Преку активностите кои се прикажани во Прирачникот по предметот Општество за прво одделение учениците ќе испитуваат различни улоги, односи и одговорности во домот и училиштето, како тие може да се променат и како се поврзани со своето и нечие чувство за себе. Тие ќе ја развијат својата потреба да се однесуваат одговорно и со почит кон сите живи суштества, како и кон природната средина. Учениците, исто така, ќе ја истражуваат нивната локална заедница, нејзините карактеристики и како таа ги задоволува потребите на луѓето кои живеат и работат таму. Низ активностите кои се предложени во сценаријата ќе се запознаат со процесот на истражување, дебатирање, кооперативното учење и ќе го користат овој процес да се стекнат со вештините за комуницирање, критичко размислување и решавање проблеми.

1 Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот на основното образование.

2 Забелешка: Во понатамошниот текст зборот наставник ќе се користи како поим за лице кое изведува настава (наставник, наставничка, наставници)

# ШТО СОДРЖИ ОВОЈ ПРИРАЧНИК?

- Насоки за користење на Прирачникот
- Дидактичко-методски насоки
- Примери за сценарија за час
- Прилози

## НАСОКИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРАЧНИКОТ

Прирачникот е составен од четири дела. Првиот дел ги содржи насоките за користење на Прирачникот по предметот Општество за прво одделение. Вториот дел содржи дидактичко-методски насоки кои содржат примери за методи, техники, следење и вреднување на постигањата на учениците, саморефлексија на наставникот и користење на ИКТ во наставата по предметот Општество. Во третиот дел се дадени примери за сценарија за час.

Практичните активности кои наставникот треба да ги спроведува во наставата се дадени во третиот дел со примери за сценарија за час. Во овој дел се понудени деветнаесет репрезентативни примери за сценарија за кои мислевме дека ќе бидат од корист на наставникот при реализирање на наставните содржини. Секое сценарио се базира на Наставната програма по Општество за прво одделение и во себе содржи:

- **ТЕМА.** Во Наставната програма по Општество за прво одделение се предвидени четири теми: **Јас сум дете, Јас сум ученик, Мојот дом** и **Местото во кое живеам.** Во Прирачников се опфатени сите четири теми со примери за сценарија.
- **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ.** Се наведува кои се очекуваните (поопшти) резултати од учењето на соодветната тема. Најчесто се збир од повеќе знаења, вештини и ставови/вредности. Во Прирачникот се дадени на почетокот на секоја тема.
- **СОДРЖИНА.** Се наведува која наставна содржина се реализира на тој час (според стандардите за оценување). Насловите дадени во заграда се однесуваат на насловите од материјалите за учење/учебникот.
- **СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ.** Се однесува на конкретните и мерливи

резултати од учењето кои се базираат на Блумовата таксономија. Го опфаќаат когнитивниот домен на постигања кај учениците.

- **ПОИМИ.** Клучни информации чие значење учениците треба да го научат.

- **ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ И СОДРЖИНИ.** Предлог за интегрирање на предмети, теми и содржини во еден наставен ден. Содржините од наставниот предмет Општество нудат можности за интегрирање со содржини од сите предмети, при што до израз доаѓа креативноста на наставникот. Во Прирачникот се дадени предлози за интегрирање со наставен предмет, тема и содржина, но не значи дека наставникот треба строго да се придржува до дадените предлози, туку може да ги прилагоди според сопственото планирање. Конкретен пример се наоѓа во делот Прилози (прилог бр. 3).

- **ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА.** Се опишува кои претходни знаења и умеења ги поседува ученикот, а ќе бидат основа за развивање на нови знаења и умеења и ќе бидат услов за постигање на компетенциите поврзани со националните стандарди

- **ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА.** Опрема и средства кои се потребни за реализација на соодветната содржина.

- **СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ.** Совети кои ќе му помогнат на наставникот поуспешно да ја реализира планираната наставна содржина и кои се однесуваат на насоки поврзани со когнитивните, афективните, социоемоционалните карактеристики на учениците од овој развоен период, дидактичко-методски насоки кои ќе му бидат од корист на наставникот, но и предлози за реализирање на слободните активности.

- **ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ.** Предлози на активности за воведниот, главниот и завршниот дел од часот. За секој дел од часот има по еден или два предлога од кои наставникот избира еден. Наставникот го избира предлогот за кој мисли дека ќе соодветствува на структурата на паралелката, времето и условите со кои располага. Покрај предлози за активности, во овој дел се дадени и предлог-прашања базирани на Блумовата таксономија. Предлог-прашањата наставникот им ги поставува на учениците во текот на активностите и преку нив ги води учениците низ процесот на учење.

Четвртиот дел од Прирачников содржи прилози со табела за поврзаност на содржините со националните стандарди, примери за следење и вреднување и пример за практична примена на метода за активно учење во интегриран наставен ден.

## ДИДАКТИЧКО-МЕТОДСКИ НАСОКИ

Поаѓајќи од фактот дека наставата по предметот Општество во I одделение се реализира според новата Концепција за основно образование, треба да се има предвид дека и организацијата и реализацијата на наставниот час/наставниот ден, ќе бидат во функција на создавање ученици кои критички размислуваат. За таа цел, наставникот е тој кој наставниот час, односно наставниот ден го планира да биде ефикасен и ефективен. Ефикасноста значи рационално и оптимално користење на времето и ресурсите, а ефективноста се однесува на систематичноста и организираноста за постигнување на целта.

За наставникот да ја постигне целта е потребно систематично да го испланира часот, при што треба да знае кои резултати од учење ќе се постигнат, кои поими треба да се усвојат, кои се стандардите за оценување и на кој начин сето тоа ќе го постигне.

Познавањето на современите приоди за учење, методите и техниките, формите на работа ќе му овозможат на наставникот ефективно изведување на наставниот процес, при што на ефикасен начин ќе се постигне целта.

Секоја наставна метода, во комбинација со други наставни методи, наставни техники и форми на работа, треба да најде соодветна примена во зависност од природата на часот и наставната содржина која се обработува. Никогаш не треба да се има шематски пристап во примената на наставните методи.

Од методите за активно учење кои се применуваат во наставата, акцент се става на неколку од нив кои ќе претставуваат поддршка на учењето. Тоа се:

**Дискусија**[3]. Учениците разменуваат мислења и искуства додека одговараат на прашања поставени од наставникот или заеднички решаваат даден проблем. Дискусијата како метода се применува во сите делови на часот. Таа може да биде и дебатна дискусија, кога две (или повеќе) групи со спротивставени гледиштата по доделена задача од наставникот дебатираат на одредена тема. Пример за дебатна дискусија се наоѓа во сценариото за содржината Дом и семејство Каде живеам (куќа, стан)?, но наставникот може да ја примени и во другите содржини секогаш кога ќе согледа дека преку неа можат да се постигнат очекуваните стандарди за оценување.

**Учење базирано на проекти**[4]. Се заснова на развој на когнитивни, креативни вештини на учениците, способност за самостојно дизајнирање на своето знаење, развој на критичко размислување, соработка и комуникација. Учениците се движат кон повисоките нивоа на когнитивното учење (анализа, вреднување и креирање) и учат преку искуствено учење, односно учење преку откривање. Се карактеризира со тоа што овозможува интегрирање на содржини од исти или од различни дисциплини/предмети, учениците учествуваат во оценувањето, се работи на реален проблем и крајниот резултат е продукт. Оваа метода во наставата по предметот Општество во прво одделение може да се применува за речиси секоја наставна содржина, при што се интегрира со другите предмети. Проектите се секогаш проследени со истражување, па затоа како посебни видови учења базирани на проекти можат да се споменат:

- Учење базирано на истражување.

Промовира искуствено и кооперативно учење. Развива критичко размислување и логичко заклучување базирано на докази. Се одвива во неколку фази:

3 Планирање и реализација на наставата според новата Концепција за основно образование, Модул 2, МОН, БРО, 2021.

4 Планирање и реализација на наставата според новата Концепција за основно образование, Модул 2, МОН, БРО, 2021.

1. Поставување на проблем за истражување (прашање што треба да се одговори) и хипотеза (претпоставен одговор).
2. Прибирање податоци.
3. Обработка на податоци и изведување заклучок/заклучоци.
4. Презентирање на истражувањето.

Во материјалите за учење по предметот Општество за прво одделение се дадени предлози за истражување прилагодени според карактеристиките на возраста на учениците во овој развоен период. Наставникот избира какво истражување ќе примени според времето и условите со кои располага, според карактеристиките на учениците во паралелката.

- Дизајнерско размислување (design thinking)[5] (прилог бр.4). Проекти за решавање проблеми преку дизајнирање наставен приод каде што учениците се ангажираат во процесот на учење со цел да решат важен, автентичен и реален проблем. Преку процесот на дизајнерско размислување учениците ги применуваат и развиваат сопствените знаења од технологијата, природните науки, математиката, општествените науки и јазиците, чиј краен резултат е продукт со оригинално решение. Секогаш вклучува интегрирање на повеќе наставни предмети и развој на повисоките мисловни процеси. Фази на дизајнерското размислување се:

1. Истражување и разбирање (емпатија кон корисниците), со примена на методите: набљудување, интервјуирање, истражување.
2. Дефинирање на предизвикот: групирање на темите и избор на тема.
3. Генерирање на идеи преку техниката Бура на идеи, креирање на матрица за евалуација и гласање за идеите.
4. Прототипирање на производот (може да биде во вид на наративи, физички прототип, дигитален прототип, прототип на простор/услуга/интеракција).
5. Тестирање кое опфаќа: тестирање со корисници, собирање на впечатоци, насоки за подобрување).

Во Прирачников е прикажан пример (во делот **Прилози**, прилог бр. 4) како методологијата на дизајнерското размислување може да се примени во интегриран ден преку интегрирање на предметите и содржините по Општество (тема: **Мојот дом,** содржина: *Каде живеам?*), Природни науки (тема: **Материјали**, содржина: *Примена на материјалите*), Македонски јазик (подрачје: **Медиумска писменост и медиумска култура**, содржина: *Информации од различни медиуми*) и Ликовно образование (тема: **Пластично обликување**, содржина: *Основни материјали/средства за пластично обликување*). Поради комплексноста се препорачува овој метод да се применува откако учениците ќе се адаптираат на училишната средина и откако ќе почнат да ги почитуваат и применуваат правилата за работа во група.

**Превртена училница (Flipped classroom)**[6]. Ова е метод во кој учениците најпрвин новата содржина ја учат дома, а потоа на час дискутираат за наученото и го продлабочуваат знаењето. Во наставата по Општество во прво одделение ваквиот приод може да се користи при реализација на содржините од темата **Местото во кое живеам** (Сообраќајни знаци и семафор), но не се исклучуваат ниту другите теми и содржини.

**Метод на сложувалка**[7]. Овој метод се карактеризира со кооперативно учење меѓу членовите на групите, но и меѓу групите. Сложувалка е стратегија за кооперативно

5 Повеќе за оваа метода на: https://www.youtube.com/watch?v=CeVal1eNSP0&t=4368s и https://www.interaction-design.org/literature/article/what-is-design-thinking-and-why-is-it-so-popular.
6 Повеќе за оваа метода на: https://www.yeseep.org/blog/the-flipped-classroom-model-what-it-is-and-how-it-works и https://www.youtube.com/watch?v=iCK4YhsL4Fw.
7 Повеќе за оваа метода на: https://www.readingrockets.org/strategies/jigsaw.

учење што му овозможува на секој ученик од „домашната“ група да се специјализира во еден аспект од темата (на пример, една група ги проучува просториите и објектите во училиштето, втора група намената на просториите и објектите, а трета група проучува правилно однесување во просториите и објектите во училиштето). Членовите на групите прават план за работа и дискутираат во врска со зададената задача. Откако наставникот ги задал задачите, остава време членовите на групите да го разгледаат понудениот материјал, а потоа креира нови „експертски“ групи со по еден претставник од „домашните“ групи. Учениците се среќаваат со членови од други групи на кои им е доделен истиот аспект, а откако ќе го совладаат материјалот, се враќаат во групата „дома“ и го предаваат материјалот со информации на членовите на нивната група. Со оваа стратегија секој ученик во групата „дома“ служи како парче од сложувалката на темата и кога работат заедно како целина ја создаваат целосната сложувалка. На крајот од активноста учениците ги изнесуваат сите информации и од нив на ниво на паралелка се донесуваат заклучоци.

Овој метод може да се примени секогаш кога учениците треба да истражуваат нешто во рамките на дадена содржина. На оваа возраст може да се примени при реализација на темите: **Јас сум ученик**, **Мојот дом** и **Местото во кое живеам**. Пример за примена на овој метод е даден во сценариото за содржината Нашето училиште кое се наоѓа во Прирачников.

**Играта** е природен процес преку која децата учат активно. Преку неа тие се внатрешно мотивирани да истражуваат, експериментираат и откриваат. Таа ги ангажира нивниот интелект, емоции, поттик кон учење нови нешта, креирање нови идеи, концепти и вештини. „Играта, особено дидактичката игра и истражувачките активности стануваат доминантни стратегии во креирање на воспитно-образовниот процес на децата од рана училишна возраст. Нема сомнение дека овој метод на учење (учење низ игра) треба да биде доминантен во предучилишниот и рано училишниот период“[8]. Во Прирачников, во делот со сценарија за час, се понудени голем број дидактички игри, игри со драматизирање, истражувачки игри и творечки игри. Сите тие овозможуваат ученикот од овој развоен период активно да учи и да ги развива своите когнитивни, афективни и социоемоционални способности.

Преку примена на овие методи учениците користат **кооперативно учење**, кое е форма на активно учење каде што учениците работат заедно за да извршуваат конкретни задачи во мала група. Секоја кооперативна група за учење треба внимателно да се избере од страна на наставникот така што хетерогената структура ќе му овозможи на секој ученик да ги вложи неговите предности во групниот напор. Ваквиот вид учење се разликува од традиционалното учење во група (групна работа) по тоа што кај кооперативното учење членовите се меѓусебно поврзани и одговорни како за своето учење така и за учењето на другите членови, составот на групата е разнообразен и сите членови на групата имаат свои улоги.

**Техниките за учење и подучување** кои наставникот ќе ги користи зависат од наставната содржина, од структурата на паралелката, од материјалните услови со кои располага училиштето, но и од подготвеноста на наставникот да ги користи различните и многубројните техники за учење и подучување. Во зависност од методската намена на техниката наставникот определува која техника во кој дел од часот ќе ја примени. Најпогодни техники за учење во овој развоен период се играње улоги, асоцијации, квизови, бинго, решавање проблемски ситуации, Насочена фантазија, Венов дијаграм, Аквариум, Бура на идеи.

8 Лена Дамовска. Играта и учењето - нови концепти во раното учење. Скопје: Просветно дело, 2021.

**Следењето и оценувањето на учениците** е насочено кон следење и проверка на постигањата на стандардите за оценување од наставната програма. Се изведува формативно и сумативно. На почетокот на учебната година, на почетокот на нова тема или на почетокот на часот за учење на нова содржина наставникот прави *дијагностичка проверка* на предзнаењата на учениците која, со оглед на тоа дека во текот на првото полугодие учениците не се описменети, се одвива усно или со помош на илустрации, фотографии, симболи. *Формативното следење* на учениците се реализира преку примена на различни инструменти и техники. Наставникот преку бележење го следи когнитивниот, афективниот и психомоторниот домен кај учениците. Инструментите за следење кои наставникот може да ги користи во наставата по предметот Општество за прво одделение се: чек-листите, анегдотските белешки, рубриките, листите за самооценување на учениците, но и секој инструмент за кој ќе утврди дека е адекватен за следење на напредувањето на учениците од овој развоен период.

Од посебно значење е ипсативното оценување, т.е. самооценувањето на учениците, при што учениците самостојно ги оценуваат своите постигања и ги споредуваат со поранешните сопствени постигања. Преку самооценувањето ученикот е поттикнат да се натпреварува самиот со себе, а со тоа да се самоподобрува. Во наставата по предметот Општество за прво одделение ваквото оценување може успешно да се изведе во сите наставни содржини преку пополнување на симболи кои прикажуваат нивоа на постигања, симболи за саморефлексија (*Колку сум задоволен/задоволна од наученото? - Што уште сакам да научам? итн.*) или прикажување преку Скала на постигања (прилог бр.2). Во периодот за време на описменување учениците веќе ќе можат да се самооценуваат и преку пишување на куси зборови или фрази.

За следењето и вреднувањето на постигањата на учениците да бидат поуспешни, најдобро е однапред да ги знаат конкретните очекувани резултати од учењето (стандардите за оценување). Учениците се информираат за тоа на почетокот од секоја тема и секоја содржина.

Повратните пишани информации од страна на наставникот се наменети за родителите. Учениците се информираат усно и со пишани симболи. Секоја повратна информација за постигањата и напредокот треба да содржи три елементи: што е добро направено, што треба да се подобри и што ученикот треба да направи за да го подобри тоа.

**Саморефлексија на наставникот.** Саморефлексијата им овозможува на наставниците да ги согледаат сите потешкотии со кои се соочиле при реализацијата на секој сегмент од наставата (учењето, поучувањето и оценувањето) во текот на одделните часови во денот и сознанијата за тоа да ги земат предвид во планирањето за да обезбедат надминување на евентуалните слабости во наставата. Тоа подразбира промена во наставата кога се работи за тековно усвојување на конкретни наставни содржини и постигање на очекуваните резултати од учењето кај актуелните ученици, но и вградување на стекнатите искуства во планирањето за реализација на наставата за идните ученици[9].

Таа е клучна за подобрување на наставниот процес и им овозможува на наставниците да ги проценат и подобрат приодите на поучување. Во саморефлексијата се наведуваат впечатоците на наставникот, неговите импресии по реализација на часовите за успешноста во постигнувањето на очекуваните резултати/стандарди за оценување кои водат во насока на тоа што треба да се промени тековно или во иднина, а е во интерес на учениците. Саморефлексијата претставува основа за:

- тековни промени во работењето

9 Концепција за основно образование. Скопје: МОН, БРО, 2021.

(примена на нови методи, стратегии и техники на работа);
- промени во планот за час (сценарио) и/или наставните материјали за во иднина.

Наставникот прави анализа на ситуацијата (на часот) и дава одговори на конкретни прашања:

- Дали при моите активности на поучување се придржував на мојот план?
- Кои стратегии и техники ги применив?
- Што направив добро, а што морам да подобрам?
- Што беше тешко за учениците? Како тоа да го надминам?
- Треба ли побрзо или побавно да работам?
- Постои ли нешто што треба да го променам?
- Како можам да го подобрам моето работење?
- Ќе се обидам при мојата следна работа на час да го постигнам следното: ...

**Примена на информациски и комуникациски технологии (ИКТ)** во наставата е дел од подучувањето на учениците од прво одделение. Богатството на избор кој го нуди интернетот за креирање наставни содржини на наставникот му дава можност да го искористи овој неограничен информациски ресурс и да ја унапреди својата работа со учениците. Едукативните игри, квизовите, асоцијациите, презентациите, мултимедијалните содржини го привлекуваат вниманието на шестгодишниот ученик и ја поттикнуваат неговата љубопитност и креативност. Во Прирачников се понудени примери за неколку бесплатни веб-апликации кои ќе му овозможат на наставникот лесно и брзо да креира, зачувува и споделува квизови, асоцијации, флеш картички, белешки, интерактивни презентации, видео- и аудиоматеријали, интерактивни наставни листови.

ПРЕДЛОГ-СЦЕНАРИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ПО ОПШТЕСТВО ЗА І ОДДЕЛЕНИЕ

# ТЕМА 1:

# ЈАС СУМ ДЕТЕ



## УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА ЌЕ БИДЕ СПОСОБЕН/СПОСОБНА ДА:

1. се претстави себеси пред другите;
2. ги препознае основните чувства кај себе и кај другите;
3. ги опишува посакуваните особини и однесувањето карактеристично за другарувањето;
4. наведува и да разликува месеци во годината и денови од неделата/седмицата, да прави разлика меѓу сегашност (денес), поблиско и подалечно минато (вчера и кога бев мал/мала) и иднина (утре и кога ќе бидам голем/голема).

## УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА ЌЕ РАЗВИВА:

5. позитивна слика за себе (самодоверба и самопочит);
6. отпор кон коруптивно однесување.

**ТЕМА 1: ЈАС СУМ ДЕТЕ**



# СОДРЖИНА: КОЈ/КОЈА СУМ ЈАС?


КОЈ/КОЈА СУМ ЈАС?

Здраво! Јас се викам МАРКО ЈОВАНОВСКИ.

Јас се викам ЛЕАРТ ВЕЛА и имам 6 години.

Јас се викам САНЕЛА ДЕМИРОВА и живеам на улица 132 во Штип.

ИМАМ СИНИ ОЧИ И РУСА КОСА.
КОСАТА МИ Е СПЛЕТЕНА ВО ПЛЕТЕНКИ.
НОСАМ И КАПЧЕ.
ИМАМ СИНО ЗДОЛНИШТЕ.
НА НОЗЕТЕ НОСАМ ЧЕВЛИ.
САКАМ ДА СЕ СМЕАМ.

РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ:

- Кажи го своето име и презиме! Колку години имаш? Каде живееш?
- Погледни се во огледало! Обиди се да се опишеш! Што се менува на твоето лице кога ќе се насмевнеш?

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Се претставува себеси, наведувајќи ги името и презимето, адресата и местото на живеење и се идентификува според пол (како момче или девојче) и возраст.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Дете, момче, девојче, име, презиме, адреса.

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Огледало, боички, нацртана силуета на дете.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Слушање и зборување**
(Поздравување, претставување и обраќање);

**Природни науки, тема:**
**Човекот и човечкото тело**
(Надворешни карактеристики на луѓето);

**Математика, тема:**
**Геометрија и мерење**
(Местоположба и движење);

**Ликовно образование, тема:**
**Цртање**
(Едноставен цртеж);

**Музичко образование, тема:**
**Пееме, играме и свириме**
(Песни и броеници во опсег ре - ла);

**Физичко и здравствено образование, тема:**
**Јас и моето тело**
(Колку сум голем/голема?)

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Содржината *Кој/која сум јас?* се поврзува со претходните искуства на учениците за нивното себеспознавање.

На почетокот на темата или на почетокот на содржината наставникот изведува иницијална проверка на претходното познавање на учениците за идентификување и опишување на нивниот надворешен изглед (коса, боја на очи, висина, облека), возраст, идентификување на полот (машки, женски), начин на претставување, идентификување на нивното место и адреса на живеење.

Стекнатите знаења, умеења, разбирања од оваа содржина ќе бидат основа за надградување на компетенциите на учениците кои се однесуваат на интеркултурно живеење, родова сензитивност и инклузија на содржините кои следуваат во оваа тема.




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА

Наставникот планира активности кои ќе бидат поврзани со поттикнување на предзнаењата стекнати во градинка и општите познавања од домот во кој живее ученикот, од родителите/старателите, роднините и врсниците. Во тој контекст организира активности кои се надоврзуваат на претходните искуства на учениците.



### ПРЕДЛОГ 1

Секој ученик се претставува пред своите соученици со зборовите: *„Здраво! Јас сум…, имам… години и живеам во… на улица…“* Во следната активност секој ученик ги опишува своите физички карактеристики, а потоа го опишува и своето другарче.

### ПРЕДЛОГ 2

Учениците се гледаат на големо огледало и усмено се опишуваат, почнувајќи од својот надворешен изглед: висина, боја и должина на косата, боја на очите, облека. Го кажуваат и своето име и презиме, пол и возраст. Доколку некој ученик не ја знае возраста, наставникот го поттикнува преку споредување на возраста со другите соученици. Потоа учениците го опишуваат своето другарче на истиот начин и редослед како што се опишувале себе. Откако ќе го опишат своето другарче, учениците го кажуваат своето место на живеење (град/село) и адреса.

### ? ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кое е твоето име и презиме?
- Каде живееш?
- Колку години имаш?
- Што си - момче или девојче?
- Опиши се како изгледаш, а потоа опиши го и твоето другарче!
- Како треба да се претставиме?
- Во кои ситуации треба да се претставиш со цело име и презиме и адреса на живеење?
- Што треба да направиш кога се претставуваш?



# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ 1

Учениците ја следат приказната „Зајчињата без имиња" која наставникот им ја чита, а потоа одговараат на прашања поврзани со содржината. Целта е да се поттикнат да воочат дека секое дете има име и презиме.

### ПРЕДЛОГ 2

Учениците бојат готова силуета на дете. Му даваат име и играат игра во која го претставуваат и опишуваат својот имагинарен другар пред соучениците. Целта на оваа активност е кај учениците да се поттикнат и развијат говорните вештини, да стекнат навика за слободно изразување пред другите, а во исто време да создадат предуслов за претставување пред своите соученици и како да се претстават во соодветна ситуација.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА ?

- За што служат името и презимето?
- Кое друго име би им/му го дале на зајчињата/детето кои/кое ги/го нацрта?
- Како ќе се претставиш пред своето другарче, а како пред некој возрасен?
- На кој начин ќе се претставиш? (Се мисли на движење, гестикулација, интонација на гласот.)
- Зошто е потребно да знаеш како и во кои ситуации да се претставиш?
- Зошто е потребно да ја знаеш адресата на живеење?




## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците се делат во парови и на лист се цртаат себеси и своето другарче од паротот. Ги воочуваат разликите и дискутираат во однос на физичките карактеристики, името, презимето, полот, возраста, адресата на живеење. Откриваат заеднички особини (иста боја на очи, исто име, ист пол, исто место на живеење). Потоа, на ниво на паралелка, откриваат кој од нив имаат исто име, исто презиме, исто место на живеење. Креираат табела во која ги запишуваат или со симбол ги цртаат имињата на другарчињата со исто име, исто презиме или исти иницијали. Дискутираат зошто секој човек треба да има име и презиме.

### РЕФЛЕКСИЈА.

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, каде ќе го применат наученото.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Што откривте заедничко со своето другарче?
- Што е различно?
- Кои од вас имаат исто име?
- Кои имаат исто презиме?
- Кои од вас имаат исто место на живеење?
- Зошто секој човек треба да има име и презиме?







## ЗАЈЧИЊАТА БЕЗ ИМИЊА

Една зајачица имала две зајчиња. Зајчињата биле малечки и имале бело крзно. По ништо не се разликувале. Постојано заедно играле и биле неразделни. Еден ден занесени во играта се оддалечиле од својата мајка. Кога дошло време за ручек таа почнала да ги бара. Ги барала, ги барала, но не можела да ги најде. Почнала да ги довикува: „Зајчиња, зајчињааа, каде сте?" Тие ја слушнале, но не знаеле дека вика по нив. Помислиле дека некоја друга мајка зајачица ги довикува своите зајчиња. Само се погледнале, се насмеале и продолжиле да играат. Зајачицата ги слушнала нивните гласови како се смеат и брзо, со скокање, како што само зајаците знаат да трчаат и скокаат, дотрчала кај нив. Нежно ги гушнала и им рекла: „Од сега ти ќе се викаш Белчо, а ти ќе се викаш Грицко. Така секогаш ќе знаете кога ве довикувам. Имињата ќе ви служат да се разликувате од другите зајчиња, но и другите да знаат кому му се обраќаат." Зајчињата пресреќни за своите имиња отишле кај своите другарчиња да се пофалат. Од радост заборавиле и да ручаат од слатките морковчиња кои им ги подготвила нивната мајка.




# СОДРЖИНА:
# ШТО МОЖАМ СЕГА И ШТО ЌЕ МОЖАМ ВО ИДНИНА?




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Опишува што може и што знае сега, што можел/можела и што знаел/знаела во минатото, а што би сакал/сакала да може и да знае во иднина. Објаснува како децата (вклучувајќи се и себеси) постепено ги развиваат своите вештини и способности. Разликува сегашност од минато и иднина во сопствениот животен тек и ја препознава важноста за организирање на времето. Именува позитивни особини кај себеси и ги споредува со позитивните особини кај другите.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Природни науки, тема:**
**Човекот и човечкото тело**
(Делови на телото);

**Македонски јазик, подрачје:**
**Слушање и зборување**
(Водење краток разговор; Невербална комуникација);

**Математика, тема:**
**Мерење**
(Време);

**Ликовно образование, тема:**
**Цртање**
(Едноставен цртеж)

**Физичко и здравствено образование, тема:**
**Јас и моето тело**
(Како можам да се движам со моето тело?) и
**Спортувам и играм**
(Атлетска азбука).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Содржината *Што можам сега и што ќе можам во иднина?* наставникот ја поврзува со претходното искуство на учениците во врска со работите кои ги знаеле/можеле. Се надоврзува на знаењата и вештините стекнати во градинка или во домашни услови. Поставува прашања или задава активности преку кои ќе дознае на кое ниво ученикот/ученичката има претходно стекнати знаења или совладано вештини. На пример, преку демонстрирање на илустрации, фотографии, видеа и разговор во врска со содржината наставникот ќе добие сознание на кое ниво учениците имаат совладано некоја вештина или знаење. Ваквиот приод кон претходните знаења на учениците на наставникот му служи како основа за реализирање на содржината. Стекнатите знаења, умеења и разбирања од оваа содржина ќе бидат основа за надградување на содржините кои се однесуваат на одредување време, временски распоред, поставување и одговарање на прашања, воочување дека сите знаења, умеења и вештини не се изведуваат со физичка активност, воочување дека за секој успех треба да се вложи труд и за креативно изразување на учениците.




## СОДРЖИНА:
# ШТО МОЖАМ СЕГА И ШТО ЌЕ МОЖАМ ВО ИДНИНА?

### ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Умеење, сегашност, минато, иднина.

### ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Училиштен двор, спортска сала, нацртана временска лента, илустрации со бебе, ученик, возрасен човек и старец, боички.

### СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

Во воведните активности најпрво се започнува со она што **можат** децата, а потоа се преминува на она што **знаат** децата. Постепено се воведуваат поимите *можам* и *знам*, но доколку наставникот воочи дека кај учениците постојат потешкотии во разграничување на овие поими не треба да инсистира на тоа. Ваквиот приод овозможува движење од конкретно кон апстрактно, односно почитување на когнитивно-развојните карактеристики на учениците.




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА



**ПРЕДЛОГ 1**

Учениците заедно со наставникот се надвор од училницата (се наоѓаат во училишниот двор или спортската сала). Секој од нив еден по еден покажува што умее да прави (трча, лази, скока, се качува на спортски справи, шутира или фрла топче и слични физички активности). Другите ученици ја следат неговата/нејзината демонстрација и пробуваат да го/ја имитираат.

**ПРЕДЛОГ 2**

Учениците се делат во парови и ја играат играта: „Јас можам, ти можеш“. Едниот ученик од паротсоставува исказ: *Јас можам да*... (трчам, цртам, скокам и сл.), *ти можеш да*... (ги навадиш цвеќињата, наполниш вода во чашата и сл.). Доколку соученикот од парот навистина го може тоа, му следува еден поен нему. Доколку не го умее тоа што неговото другарче го навело во исказот, поен добива другиот учесник.

**ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА**

- Што правевте? (Учениците ги набројуваат активностите.)
- Колкумина од вас можевте да... (скокате, трчате, лазите...)?
- Што ви беше најтешко?
- Опиши како го направи тоа!
- Што е најтешко од тоа што го покажавте?



# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**

### ПРЕДЛОГ 1

Во училницата наставникот демонстрира некоја активност со пантомима или со вербално опишување, а учениците погодуваат за која активност станува збор. Се изјаснуваат дали можат/знаат тоа да го прават или не можат/не знаат. Учениците ги искажуваат своите желби што би сакале да научат во иднина (поимот *иднина* наставникот го објаснува со конкретни примери од секојдневието) и што треба да прават за да научат.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Што би сакале да научите во иднина?
- Кој може да ви помогне во тоа?
- Како би му помогнал/-а ти на твоето другарче да научи нешто ново?
- Што треба да правиш за да научиш нешто?
- Како можете да се подобрите во она што сега го знаете/можете?
- За што го користите тоа што сега го можете/знаете, а за што би го користеле она што во иднина ќе го научите?

### ПРЕДЛОГ 2

На учениците им се покажуваат четири илустрации на кои се прикажани бебе, ученик/ученичка (5 до 6 години), возрасна личност и старец/старица. Се именуваат возрасните категории. Учениците се делат во четири групи и секоја група треба да наброи што може/знае и што не може/не знае секој од припадниците на возрасните категории (на пример: бебето може да плаче, не знае да чита; ученикот знае да чита, но не може да истрча маратон). Се дискутира зошто некои работи од наведените можат/знаат, а некои не можат и не знаат да ги направат.
Се констатира дека децата растат и се развиваат од ден на ден, а со тоа и нивните способности, знаења, вештини.

Учениците ги воочуваат поимите: *минато*, *сегашност* и *иднина* преку конкретни примери од секојдневието. Наставникот може да се послужи и со временска лента на која се напишани поимите: *бебе, ученик, возрасен човек и старец* и дадени примери преку илустрации од тоа што можат/знаат тие. Откако учениците ќе се изјаснат што би сакале да научат во иднина, се доаѓа до заклучок дека за да успеат во нешто треба да вложат труд.

# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ




## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците цртаат што можеле/знаеле во минатото, што можат/знаат сега, а што ќе можат/знаат во иднина. Дискутираат за тоа колку работи знаеле/можеле во минатото, а колку работи ќе знаат/можат во иднина. Преку дискусија заклучуваат дека децата постепено ги развиваат своите вештини.

### РЕФЛЕКСИЈА.

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, каде ќе го применат наученото.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Направи споредба колку работи си знаел/-а и можел/-а во минатото, а колку сега!
- Дали тие работи си ги научил/-а наеднаш?
- Колку време ти било потребно?

ТЕМА 1: ЈАС СУМ ДЕТЕ

# СОДРЖИНА:
# ШТО МИ СЕ ДОПАЃА КАЈ СЕБЕ? (МОЈОТ СЕДМИЧЕН РАСПОРЕД)




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ги именува деновите во неделата/седмицата и идентификува кој ден на кој му претходи и следи. Правилно ги применува поимите вчера, денес, утре. Опишува што ново научил/-а да прави денес во однос на вчера и минатата недела, а што би сакал/-а да научи да прави утре и следната недела.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Денови во неделата/седмицата, денес, вчера, утре.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Математика, тема:** **Мерење** (Време);

**Македонски јазик, подрачје:** **Литература, изразување и творење** (Редослед на настаните во текст);

**Природни науки, тема:** **Човекот и човечкото тело** (Грижа за здравјето),

**Ликовно образование, тема:** **Цртање** (Едноставен цртеж).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Содржината *Што ми се допаѓа кај себе?* наставникот ја поврзува со претходното искуство на учениците со именување и подредување на деновите во неделата. Доколку наставникот воочи дека учениците добро ги имаат совладано овие поими и идентификуваат кој ден на кој му претходи, преминува на проверка за снаоѓање со временските поими *вчера, денес и утре*. Стекнатите знаења, умеења, разбирања од оваа содржина ќе бидат основа за надградување на компетенциите на учениците кои се однесуваат на интеркултурното живеење, родовата сензитивност и инклузијата на содржините кои следуваат во оваа тема.




СОДРЖИНА:

# ШТО МИ СЕ ДОПАЃА КАЈ СЕБЕ? (МОЈОТ СЕДМИЧЕН РАСПОРЕД)

**ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА**

Илустрации на кои се симболично претставени деновите во неделата/седмицата, стихотворба „Денови“ (прилог 1), расказ „Неделата на Алмир“, картончиња со испишани имиња и симболи на деновите во неделата/седмицата.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- На учениците во овој развоен период потешко им е да го разберат временскиот концепт. Сè уште се наоѓаат во предоперационална фаза од когнитивниот развој и сè уште им е тешко да разликуваат класи (недела/седмица, како целина) и поткласи (денес, вчера, утре, како поткласи). Поради тоа препорачливо е кај учениците воведувањето на поимите *вчера, денес, утре* да се одвива откако ќе ја сфатат неделата како целина составена од делови (денови во неделата) кои имаат свој распоред. Истото се однесува и на имињата на деновите. Доколку наставникот само ги наброи и бара од учениците да ги повторат како фактографски податоци, нема да го има посакуваниот ефект. Поради тоа наставникот ги воведува имињата на деновите поврзувајќи ги со одредени активности кои се одвиваат во тие денови или со некој визуелен симбол (форма, боја) кој ќе ги потсетува учениците на името на денот во неделата. Поврзувајќи ги активностите карактеристични за секој ден во неделата со имињата на деновите, учениците ќе можат полесно да ги усвојат и поимите *вчера, денес, утре*, но и да ги планираат активностите кои сакаат да ги реализираат во текот на неделата, а со тоа и да ја воочат важноста од планирање на своето време и дека секој ден како личности се менуваат, напредуваат и развиваат.

- Разработувајќи ја оваа содржина наставникот користи активности преку кои учениците ќе воочат дека од ден на ден сè повеќе напредуваат, дека за секој успех е потребен труд и да градат позитивна слика за себе на основа на стекнатите умеења/знаења, но и да ја воочат важноста од правилното организирање на времето. Доколку учениците не ги научат да ги кажуваат редоследно имињата на деновите, во понатамошниот период препорачливо е наставникот одвреме-навреме да ги потсетува преку користење на календар, потсетување на распоредот на часови, потсетување на некоја активност која претходела или која ќе претстои и сл.




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА

**ПРЕДЛОГ 1**

Учениците ја слушаат стихотворбата „Денови“ (прилог 1) која ја чита наставникот и одговараат на прашања. При читање наставникот покажува илустрации поврзани со содржината на строфите. Илустрациите треба да останат видливи цело време додека се разговара за содржината на стихотворбата.

**ПРЕДЛОГ 2**

Учениците го слушаат текстот „Неделата на Алмир“ (прилог 2) кој им го чита наставникот. Преку него се запознаваат со активностите на Алмир за секој ден во седмицата. Наставникот користи илустрации на кои се прикажани деновите во неделата и активностите на Алмир. Учениците дискутираат за содржината.



**ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА** ?

- Како се викаат деновите во седмицата?
- Подреди ги по ред!
- Кој ден е втор по ред?
- Кој ден Алмир оди на прошетка со другарите?
- Кои се викенд-денови?



# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ 1

Учениците ги кажуваат деновите во неделата/седмицата, а потоа раскажуваат за своите активности во текот на неделата, притоа именувајќи ги деновите. Се изведува поделба на работни денови и викенд-денови. На временска лента се обележани деновите во седмицата со различни бои. Учениците треба да одредат кој ден е денес, кој ден беше вчера, а кој ден ќе биде утре и соодветно да ги обојат деновите. Во празните полиња ги цртаат активностите кои ги имале вчера, денес и кои ќе ги имаат утре.




### ПРЕДЛОГ 2

Учениците, поделени во групи од по седум ученици, влечат картончиња на кои се напишани имињата на деновите и се илустрирани активностите на Алмир соодветно на денот. Учениците од секоја група се редат по ред според името на денот кој го извлекле. Секоја група составува исказ: *Алмир во понеделник оди на часови по музичко, а јас*...(дополнува што прави тој/таа во понеделник). По него/неа следува ученикот од групата кој извлекол картонче со *вторник* итн. На крајот се избира која група има повеќе активности во текот на неделата.

На временска лента се обележани деновите во седмицата со различни бои. Учениците треба да одредат кој ден е денес, кој ден беше вчера, а кој ден ќе биде утре и соодветно да ги обојат деновите. Во празните полиња ги цртаат активностите кои ги имале вчера, денес и кои ќе ги имаат утре. На учениците кои побрзо работат може да им се даде табела за пополнување на денови од целата недела. На крајот споредуваат кои активности им се заеднички и во кои денови се тие активности.




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кој ден беше вчера/ќе биде утре?
- Што правеше вчера, а што ќе правиш утре?
- Што можеше/знаеше пред една/две недели, а што сега?
- Како го постигна тоа?
- Што ново сакаш да научиш наредната недела?
- Што треба да направиш за да научиш нешто ново?
- Зошто некои работи побрзо се учат, а некои работи подолго?
- Што ќе се случи ако не го организираш своето време?

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

### ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците пополнуваат скала на емоции преку која се изјаснуваат колку се задоволни од тоа што го научиле оваа недела.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле.

## ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како го оценуваш тоа што го научи оваа недела во однос на минатата недела?
- Што мислиш, дали наредната недела ќе научиш повеќе или помалку од оваа недела?







## ДЕНОВИ

Понеделник прв во редот оди,
дружина сложна седмицата ја води.

Немиркото вторник од редот си бега,
да ги стигне сите сака сега.

Среда весело се реди на ред трета,
како пчелка на цвет си слета.

Четврток четврти брза, вјаса,
другарите свои да ги стаса.

А петок, пак, насмеан е цел,
петти ден од седмицата си зел.

Сабота мудро, на свое место стои,
еден, два, три... другарите ги брои.

Еве ја и недела се јави,
се преброи, седма била.

Деновите седум на број
ја прават дружината мила.







# НЕДЕЛАТА НА АЛМИР

Здраво! Јас сум Алмир и учам во прво одделение. На училиште имам многу другари и другарки. Со нив се дружам и кога не сме на училиште. Многу сакам кога се собираме во паркот и се луламе на лулашките. Но, сакам и кога заедно јадеме сладолед и си го делиме сендвичот.

Еден ден учителката им кажа на тато и мама дека сум надарен да свирам на тапани. Тие се согласија со неа и ме запишаа на часови по музичко. Така секој **понеделник** јас одам на часови по музичко. И тука имам другарчиња. Секој понеделник сите заедно свириме. Набрзо ќе имаме и концерт. И концертот ќе биде во понеделник. Пресреќен сум!

Кога доаѓам од училиште ме пречекува моето домашно милениче, кучето Бруно. Штом ќе ме види, почнува да мавта со опашката и да скока по мене. Така ме поздравува и ми покажува дека ме сака. Сите дома се грижиме за него. Секој од нас си има свој ден во неделата кога треба да го однесе на прошетка. Мојот ред е во **вторник**. Секој вторник го носам во блискиот парк да се истрчаме заедно. И кучињата сакаат да трчаат, нели? Да живеат вторниците и Бруно!

Блиску до нас живее и мојата баба. Секоја **среда** одам кај неа да ѝ помогнам околу градината. Таа има многооогу убава градина со разни цвеќиња. Јас сум задолжен секоја среда да ги полевам цвеќињата во градината на баба ми, а таа е задолжена да ми дава слатки, штотуку испечени колачиња. Мммммм, ги сакам средите и ги сакам колачињата. Така, средата ми е поврзана со градинарството и колачињата на баба.

Хмммм, **четврток**. Четврток ми е оооомилен ден. Тогаш одам на базен и пливам. Да, да, вежбам и пливање. Еден ден сакам да го препливам Охридското Езеро. А можеби и Ла Манш. Не знам што е Ла Манш, но тато ми вели дека ако секој четврток упорно вежбам, ќе бидам познат пливач и ќе го препливам тој некојси Ла Манш. Значи, четврток – пливање и Ла Манш!



Секој **петок** откако ќе се вратам од училиште цртам. Цртам сè и сешто: цвеќиња, автомобили, куќи. Еднаш нацртав и автобус. Мама вели дека убаво цртам и дека конечно престанав да ги цртам моите ремек-дела по ѕидовите од станот. Јас не знам зошто толку се лутеше кога ќе нацртав нешто на ѕидот. Нели за да научиш нешто треба да вежбаш? И така, сега секој петок цртам на блок, а мама е среќна. Значи, петок - цртање.

И даааа, после петок доаѓа викенд. Викенд-денови се сабота и недела, моите нај, нај, најомилени денови. Зошто? Сега ќе ви раскажам.

Во **саботите** одиме во парк со Мила, Јане и Санела на прошетки. На тие прошетки разговараме. Разговараме за сè што нè интересира. Една сабота Мила ме праша кој ден ми е најомилен. „Мене сите денови ми се омилени“, ѝ реков. „Но, најомилена ми е саботата затоа што се дружам со вас. Сакам кога шетаме, ги гледаме птиците, дрвјата, небото... сакам кога Јане ќе каже некоја шега, сакам да ја слушам Санела кога ќе почне да пее, а сакам и кога Мила ни покажува што научила на фудбалските тренинзи.“ Да, да, ги сакам саботите, а си ги сакам и другарчињата. Така, саботите ми се поврзани со прошетки со другарчињата.

А **недела**, недела ми е ден кога со семејството одиме на излет или на прошетка. Кога е студено или врнежливо времето, седиме дома. Тогаш си играм со Бруно или гледам телевизија. И едвај чекам да помине недела, затоа што знам дека после недела доаѓа понеделник. А во понеделник повторно ќе си ги видам другарчињата на училиште.

Ете така ми поминува неделата. Убаво и интересно ми е секој ден од неделата. Како ја поминувате вие неделата другарчиња?

# СОДРЖИНА:
# ШТО МИ СЕ ДОПАЃА КАЈ СЕБЕ? (СО ТРУД ДО УСПЕХ)




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Објаснува како вложувањето труд придонесува за стекнување на тоа што го знае и тоа што умее да го прави. Идентификува коруптивни активности и ја наведува нивната негативна страна.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Позитивна особина.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Литература, изразување и творење**
(Литературен текст - басна, Редослед на настани во текст);

**Математика, тема:**
**Мерење**
(Должина);

**Ликовно образование, тема:**
**Пластично обликување**
(Ликовен јазик во пластичното обликување);

**Физичко и здравствено образование, тема:**
**Спортувам и играм**
(Атлетска азбука).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Содржината *Што ми се допаѓа кај себе?* (*Со труд до успех*) се надоврзува на претходните искуства на учениците кои ги стекнале во градинка или дома. Претходното познавање на басната ќе услови покомотно изведување на часот. Стандардите за оценување кои се реализираат на овој час во наредните развојни периоди ќе претставуваат база за понатамошно усвојување на поимите *корупција*, *мито* и *подмитување*.




## СОДРЖИНА:
# ШТО МИ СЕ ДОПАЃА КАЈ СЕБЕ? (СО ТРУД ДО УСПЕХ)

### ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Куклен театар изработен од страна на наставникот, фигури или илустрации на зајак, желка, шумски животни, моркови, интернет (линк за следење на басната: https://www.youtube.com/watch?v=Z0GNXywyO0M), адаптирана басна „Зајакот и желката“ (прилог).

### СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- Препорачливо е наставникот претходно да знае дали учениците ја знаат оваа басна. Доколку ја знаат, со цел да има повеќе време за искуственото учење, наставникот има слобода да одлучи дали при активирање на предзнаењата ќе користи драматизација, следење на видеосодржина или усно прераскажување на басната од страна на учениците.
- Под претпоставка дека поимите *мито, подмитување и корупција* на учениците им се непознати, не се препорачува именување на овие појави, туку само воочување на митото и подмитувањето и нивно препознавање како негативни појави во општеството.
- На претходните часови за слободни активности наставникот може да испланира изработка на куклен театар, кој освен за потребите на овој час ќе му послужи и при реализација на други часови. Изработката на ликовите може да се изведе на часот по предметот **Ликовно образование** при реализирање на темата **Пластично обликување** или за време на слободните активности.



# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА



#### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците следат видео од басната „Зајакот и желката“. Наставникот им ја презентира со помош на куклен театар или учениците ја прераскажуваат со помош на илустрации. Се презентира класичната верзија на басната. Учениците дискутираат за содржината на басната. Воочуваат дека желката победила затоа што била упорна. Кажуваат примери кога со упорност и труд постигнале некој успех.

#### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- За што се подготвувале зајакот и желката?
- Како се одвивал натпреварот?
- Кој победил?
- Зошто желката победила?
- Зошто зајакот ја изгубил трката?
- Што е позитивно, а што е негативно во басната?
- Што правиш ти за да постигнеш нешто?




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците ја следат драматизацијата на адаптираната верзија (прилог) во која желката му нуди моркови на зајакот за да ја остави да победи.

Дискутираат за тоа во која басна постапките на желката се правилни, а во која не. Воочуваат дека желката сакала без труд да победи, а зајакот без труд да добие моркови.

Учениците се делат во две групи. Првата група („Зајаци“) треба да се стави во позиција на зајакот, а втората („Желки“) во позиција на желката. Учениците од првата група меѓу себе се договараат како ќе постапат кога желката ќе им понуди моркови, а учениците од другата група („Желки“) се договараат што ќе направи желката за да победи. Драматизацијата ја изведуваат со по еден претставник од секоја група. Откако ќе завршат со драматизацијата, се поведува дискусија за постапките на зајакот и желката.

Учениците доаѓаат до заклучок дека за секој успех е потребен труд. Кога успехот е постигнат со сопствен труд, тогаш ќе се чувствуваат најубаво. Набројуваат примери од секојдневниот живот кога некој постигнал успех без труд.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како ти би се чувствувал/-а доколку си на местото на желката?
- Што би направил/-а на нејзино место?
- Што би направил/-а да си на местото на зајакот?
- Како ќе го прифатиш успехот без труд?
- Што треба да правиш за да успееш во нешто?
- Зошто некој посакува да постигне нешто без труд?

# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

### ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ



#### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците даваат свои претпоставки што се случило понатаму со зајакот и желката.

Учениците  претпоставуваат што ќе се случи доколку прифатат успех без труд.

Преку техниката Бура на идеи даваат предлози како можат да се спротивстават на постигнувањето успех без труд (корупТивни активности).

#### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле.
На пример:

- Зошто е потребно да се трудиш, да учиш, да вежбаш?
- Што ќе постигнеш со вложениот труд?
- Како тоа ќе ти помогне во животот?

#### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како се однесувале другите жители на шумата кон желката и зајакот кога дознале дека желката неправедно победила, а зајакот ги прифатил морковите?
- Како се чувствуваат луѓето кога знаат дека некој постигнал успех без вложен труд?
- Што може да се случи доколку прифатиш успех без вложен труд?
- На кој начин ќе се спротивставиш ако некој ти нуди нешто за да успее без труд?







# Адаптирана верзија на баснатa „Зајакот и желката“

Во една шума живеел зајакот кој важел за најбрзиот тркач во шумата. Еден ден, трчајќи по шумската патека, наишол на желката, ја турнал и продолжил да трча велејќи: „Јас сум најбрзиот жител на шумава! Има ли некој побрз од мене? Има ли? Го предизвикувам секој кој сака да се трка со мене!“ Полека приближувајќи се желката му рекла: „Јас се пријавувам да се тркам со тебе.“ Сите жители на шумата останале зачудени. Желката знаела дека иако зајакот е фалбаџија, сепак, е добар тркач. Знаела и дека ако се тркаат, тој ќе ја победи. Но, таа знаела и дека зајакот многу ги сака морковите и сè би дал за неколку моркови. Така желката скроила план како да го победи. Отишла во блиската градина надвор од шумата, собрала пет-шест морковчиња и ги однела кај зајакот.

„Зајаку, знам дека ќе ме победиш на трката, но ајде да се договориме вака: јас ќе ти ги дадам морковите, а ти остави ме да победам на трката. Но, за ова не смее никој да дознае!“, му рекла желката.

Тогаш на зајакот му светнале очите од радост дека без труд ќе добие моркови и ќе може да јаде од нив цела недела. Се согласил и со желката се договориле дека кога ќе дојде денот на трката, тој ќе седне под едно дрво и ќе си грицка морковче, а таа слободно ќе си се движи кон целта.

Така и било. На денот на трката желката полека се приближувала кон целта, а зајакот никаде го немало. Трката завршила, желката победила, а шумските животни не можеле да им веруваат на своите очи. Не можеле да поверуваат дека желката, најбавното животно во шумата, го победила зајакот.



# СОДРЖИНА: МОИТЕ ДРУГАРИ И ДРУГАРКИ




## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:** **Слушање и зборување** (Вербална и невербална комуникација);

**Физичко и здравствено образование, тема:** **Спортувам и играм** (Групни игри/ подвижни игри).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Знаењата, умеењата и разбирањата кои учениците ги стекнаа во содржините од темата **Јас сум дете** претставуваат основа за реализирање на оваа содржина. Вертикалната поврзаност продолжува во наредниот период со активности за почитување на правилата на заедничкото живеење, неприфаќање и спротивставување на насилното однесување (вербално и физичко), развивање емпатија, родова сензитивност, инклузивност, препознавање и неприфаќање на стереотипи и предрасуди.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ги препознава и ги именува особините на добрите другари. Ги опишува постапките кои се карактеристични за другарувањето (во училиштето, во соседството). Наведува различни игри со другарите кои придонесуваат за јакнење на другарството.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- При реализација на оваа содржина настојувајте учениците да ги искажат своите чувства кон другарчињата и да ги воочат позитивните придобивки од другарството. Давајте конкретни примери и барајте од учениците преку конкретни позитивни примери да опишуваат другарство.
- Давајте примери преку кои учениците ќе препознаваат присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и ќе се спротивставуваат на дискриминацијата.

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Листови, восочни или дрвени боички во пет бои (два пара), десет плочести камчиња (два пара), хамер (бел или во боја).

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Другар/другарка, другарство.




# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА



#### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците дискутираат за заедничките игри кои ги играат и опишуваат некои од игрите. Разгледуваат илустрации и раскажуваат ситуации поврзани со позитивни и негативни примери на однесување кон другарчињата. Заземаат став кој пример од илустрациите прикажува позитивно, а кој пример негативно однесување. Опишуваат како се однесуваат кон своите другарчиња во конкретни ситуации (што прават ако некој од нив падне/се сопне, ако некој се потсмева на некое нивно другарче, ако видат дека некој користи вербално или физичко насилство, на кој начин им помагаат на другарчињата со специфичен развој...).



#### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кои игри ги играш со другарчињата?
- Која ситуација од илустрациите ја оправдуваш, а која не?
- Зошто не ја оправдуваш?
- Како би се чувствувал ако си на негово/нејзино место?
- По што препознаваш дека некој е добар другар?
- Наведи примери за добро другарство и примери за лошо другарство!
- Како се однесуваш ти кон својот другар/другарка?




# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците се поделени во две групи и градат кула од камчиња (или некои други манипулативи со кои располагате во одделението). Еден по еден ученик става само по едно камче на кулата која треба да се гради во висина. Победува групата која ќе изгради повисока кула со камчињата. Наставникот им ги кажува на учениците правилата според кои во моментот кога на некоја група ќе ѝ падне кулата, нивните соученици не смеат да се лутат или да се караат со играчот  кому му паднала кулата, туку треба да го гушнат сите и заедно да му кажат: „Беше добар, наредниот пат ќе успееш да ја изградиш кулата.“



### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како се чувствуваше соиграчот кому му падна кулата?
- Во кој случај нема да се чувствува убаво - кога ќе почнете да го карате и навредувате бидејќи не успеал да ја изгради кулата или кога ќе го утешите?
- Зошто треба да им даваме поддршка на другарите?

# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците на листови цртаат симболи преку кои упатуваат порака/-и до своето другарче. Ги следат упатствата на наставникот за значење на симболите. На пример: те почитувам - цвет, сакам да ти помогнам - дланка, среќен/среќна сум што си ми пријател/-ка - детелинка итн. Нацртаните листови ги ставаат во плик и им ги подаруваат на своите другарчиња.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле.
На пример:
- Зошто треба да си добар другар?
- Зошто е потребно да имаш другари?
- Како тоа ќе ти помогне во животот?

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како се чувствуваше твоето другарче кога го доби подарокот?
- А како се чувствуваше ти?
- Што би можел/-а во иднина да направиш нешто добро за своето другарче?
- На кој начин може да се зацврсти другарството?

# ТЕМА 2:

# ЈАС СУМ УЧЕНИК



# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

## УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА ЌЕ БИДЕ СПОСОБЕН/СПОСОБНА ДА:

1. се идентификува себеси како ученик/ученичка и да го доживува училиштето како своја средина за учење;
2. ги објаснува одговорностите на наставниците и учениците во процесот на учење и улогата на училиштето како средина за учење и дружење;
3. ги опишува и применува правилата за однесување во училницата, училиштето и училишниот двор кои се однесуваат на одржување хигиена и ненасилно однесување.

## УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА ЌЕ ПРИФАТИ ДЕКА:

4. училиштето е место во кое заеднички учат, се дружат и меѓусебно се почитуваат деца кои се различни по повеќе основи (пол/род, етничка припадност, физички изглед, способности/можности, социјален статус).




# СОДРЖИНА: НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (НАШАТА УЧИЛНИЦА)




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ја опишува просторната организација на училницата и ја објаснува училницата како заеднички простор на сите ученици од паралелката (вклучувајќи се и себеси).

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Училница.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Слушање и зборување** (Опишување);

**Математика, тема:**
**Геометрија** (3Д-форми),
**Работа со податоци** (Собира, прикажува, толкува и чита податоци),
**Операции со броеви** (Собирање и одземање до 10/20),
**Мерење** (Должина);

**Ликовно образование, тема:**
**Сликање** (Основни средства и материјали за сликање).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Претходните искуства се однесуваат на препознавање и именување на ученичкиот и училишниот прибор и мебел од страна на ученикот, поимите *училница* и *паралелка*. Знаењата, умеењата и разбирањата кои учениците ќе ги стекнат со оваа содржина ќе послужат како основа за содржините преку кои ученикот ќе разбере и прифати дека училиштето е место во кое заеднички учат, се дружат и меѓусебно се почитуваат деца кои се различни по повеќе основи (пол/род, етничка припадност, физички изглед, способности/можности, социјален статус).




СОДРЖИНА:
# НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (НАШАТА УЧИЛНИЦА)

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Сложувалки изработени онлајн или од страна на наставникот, картончиња, листови, флип чарт, боички.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- При реализирање на активностите од оваа содржина наставникот треба да се фокусира на поттикнување на учениците да ја сфатат и доживеат училницата како место во кое учат, истражуваат, се дружат, се почитуваат, го почитуваат мислењето на другите и се прифаќаат едни со други, без разлика на разликите меѓу нив (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.).
- Создадете средина за учење во која учениците ќе се чувствуваат пријатно, сакано и сигурно. Дозволете им во училницата да донесат своја омилена играчка или сликовница. Разговарајте со нив колку им значат тие предмети. Мебелот и достапноста на училишните предмети прилагодете ги на возраста и интересите на учениците. Обезбедете наставни средства кои ќе бидат доволно впечатливи за да ја поттикнат љубопитноста на учениците. Создадете средина во која ученикот ќе сака повторно да дојде и квалитетно да го поминува времето.
- Онлајн сложувалките наставникот може да ги изработи со помош на повеќе достапни и бесплатни онлајн апликации, меѓу кои најлесни за работа се: https://www.jigsawplanet.com, https://puzzel.org/jigsaw и https://learningapps.org




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА



**ПРЕДЛОГ 1**

Учениците, поделени во две групи, составуваат сложувалки (онлајн или изработени од страна на наставникот) на кои се прикажани предмети од училиштен или ученички прибор. Откако ќе ги сложат сложувалките, ги именуваат предметите и кажуваат во која група припаѓаат.

**ПРЕДЛОГ 2**

Учениците се поделени во две групи. Првата група открива предмети во училницата кои ги имаат и во нивниот дом, а втората открива предмети кои ги нема во нивниот дом. Се поведува дискусија за сличностите и разликите на училницата со нивниот дом.

**ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА**

- Како се викаат предметите кои ги откри во сложувалката?
- Како се викаат предметите кои ги откри во училницата?
- Каде се наоѓаат?
- Кои предмети ги имате во домот и во училницата?
- Кои предмети ги немате?
- Зошто некои предмети ги нема во домот, а ги има во училницата?

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ



## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ 1

Учениците ја опишуваат училницата (големина, боја на ѕидови, предмети кои се наоѓаат во училницата - материјали и средства за учење, нагледни средства, манипулативи и др.). Ги опишуваат катчињата во училницата и ја објаснуваат нивната намена. Се изјаснуваат кое катче им е најинтересно, најубаво, во кое катче се чувствуваат најпријатно. Дискутираат за тоа што им се допаѓа, а што би промениле во нивната училница. Преку прашања и одговори учениците заклучуваат дека училницата е место за учење и дружење.

### ПРЕДЛОГ 2

Учениците ја играат играта „Во посета на...“. Заедно одат од катче до катче во училницата. Таму ги пречекува наставникот во улога на катче. Им објаснува како се вика катчето, за што се користи и како треба учениците да го користат. (Наставникот зборува во прво лице: „Јас сум катче по природни науки. Тука ќе изведувате експерименти по природни науки. Многу се радувам кога доаѓате кај мене“ итн.) Откриваат кои предмети не припаѓаат во одредено катче и ги сместуваат во соодветното катче. Учениците дискутираат за тоа што им се допаѓа, а што би промениле во нивната училница. Преку прашања и одговори учениците заклучуваат дека училницата е место за учење и дружење. Го бојат емотиконот како се чувствуваат во својата училница.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- За што служи катчето по математика?
- А катчето по мајчин јазик?
- За што служат предметите во нив?
- Како се користат?
- Како треба да ги одржуваме катчињата?
- Кое катче ти е најубаво/ најинтересно/најпријатно?
- Што друго би сакал/-а да има во твојата училница?
- Зошто служи училницата?
- Кои се твоите соученици?
- Како се дружите во училницата?
- Што правите заедно, а што правиш сам/-а?
- Како треба да се однесувате меѓу себе?




# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

### ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците на картончиња цртаат симбол за другарство, учење, дружење. Своите предлози ги истакнуваат на табла или на флип чарт и избираат симболи кои ќе ги вклопат во еден заеднички симбол за нивната паралелка. Се договараат за името, а потоа го цртаат и бојат симболот.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Што е најважно за нашата паралелка?
- Како ќе го претставите тоа со симбол?
- Што претставува симболот кој го нацртавте?

### ПРЕДЛОГ ЗА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ.

Заедно со учениците изработете нагледни средства со кои ќе ги дополните катчињата во училницата. Креирајте одделенска библиотека и катче за читање кое постојано ќе го надополнувате со нови книги, лектири, сликовници, енциклопедии и списанија за деца.




СОДРЖИНА:
# НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (НАШЕТО УЧИЛИШТЕ)

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ја објаснува улогата на училиштето како средина за учење и дружење. Го опишува патот меѓу училницата и училишниот двор и другите битни простории во училиштето. Ги наведува правилата за одржување на личната хигиена при користење на тоалетите и трпезаријата и за одржување на хигиената во овие простории.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Слушање и зборување**
(Опишување);

**Математика, тема:**
**Геометрија** (3Д-форми),
**Работа со податоци**
(Собира, прикажува, толкува и чита податоци);

**Ликовно образование, тема:**
**Сликање**
(Основни средства и материјали за сликање).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Содржината се поврзува со претходните искуства на ученикот/ученичката поврзани со неговиот/нејзиниот престој во градинка и претходните содржини од темата **Јас сум ученик**, а ќе биде основа за понатамошно стекнување компетенции на ученикот кои се однесуваат на интеркултурно живеење, родова сензитивност и инклузија на содржините кои следуваат во оваа тема.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Училиште, училиштен двор, тоалети, канцеларија, библиотека, трпезарија.

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Дигитален апарат, проектор, картончиња со илустрирани простории во училиштето и симболи за просториите, хамер-хартија, боички.


НАШЕТО УЧИЛИШТЕ



Кои се РАЗЛИКИТЕ, а кои се СЛИЧНОСТИТЕ меѓу твоето училиште и училиштето на илустрацијата?

РАЗГЛЕДАЈ ја илустрацијата, ПОВРЗИ го името на просторијата со соодветното место на училиштето од илустрацијата!

ТОАЛЕТ
УЧИЛИШНА ТРПЕЗАРИЈА
КАНЦЕЛАРИЈА
БИБЛИОТЕКА
УЧИЛНИЦА



# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА



### ПРЕДЛОГ 1

**ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА**

За време на слободните активности учениците и наставникот одат во обиколка на училиштето (зградата, училишниот двор, спортската сала, трпезаријата, библиотеката, тоалетите, училниците) и со дигитален апарат или телефон ги сликаат наведените објекти и простории. Се именуваат просториите и објектите. Препорачливо е наставникот да го снима правецот на движење од училницата до трпезаријата, од училницата до спортската сала, од училницата до библиотеката. Наставникот прави фотоалбум од фотографиите кој ќе го искористи за потребите на воведниот дел од часот, а видеото ќе го искористи во главниот дел од часот.

**НА ЧАСОТ.**

Учениците ја следат презентацијата на фотоалбумот со просториите и објектите во училиштето. Идентификуваат училишна зграда, училиштен двор, спортска сала... Ги споредуваат со слика или илустрација на друго училиште и ги откриваат разликите. Учениците ги поврзуваат соодветните илустрации на простории со називот на просторијата во училиштето.

### ПРЕДЛОГ 2

Учениците следат презентација на која се прикажани нивното училиште (надворешните објекти) и друго училиште. Ги наоѓаат разликите и сличностите во изгледот на двете училишта.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како изгледа нашето училиште?
- Што знаеш за него?
- Што сакаш да дознаеш за него?
- По што се разликува од другото училиште?
- Кои простории ги препознавте?
- За што служи секоја просторија?
- Кој учи во другите училници?



# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**

### ПРЕДЛОГ 1

Учениците се делат во две групи и драматизираат. Учениците од првата група драматизираат за тоа како треба да се однесуваат во трпезарија (земаат оброк, јадат, го фрлаат отпадот на соодветно место и го враќаат послужавникот), а оние од втората група драматизираат за тоа како треба да се однесуваат во тоалет (влегуваат, чукнуваат на вратата од тоалетот да проверат дали е слободно, ја затвораат вратата од кабината, пуштаат вода од казанчето после нужда, ги мијат рацете со сапун и вода). Секоја група ја следи драматизацијата на другата група. Откако ќе завршат, преку дискусија се надополнуваат и поправаат кои постапки недостасувале или што не било правилно изведено.
Учениците го следат видеото кое го снимил наставникот за движењето од училницата до соодветните објекти или простории, а потоа го опишуваат патот со користење на поимите *лево*, *десно*, *напред*, *назад*, *се качувам*, *слегувам по скалите* и сл.

### ПРЕДЛОГ 2

Учениците се делат на најмалку три групи. Се применува методот на Сложувалка во кој учениците во рамките на домашната и експертската група истражуваат за простории и објекти во училиштето (група 1), намената на просториите во училиштето (група 2), правилното однесување во трпезарија, тоалет и училишна библиотека (група 3). Добиените согледувања ги презентираат пред соучениците и наставникот. Дискутираат и извлекуваат заклучок за што служи секоја од наведените простории и како треба да се однесуваат во нив.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Што дозна за нашето училиште?
- Што најмногу ти се допадна во нашето училиште?
- Како треба да се однесуваш кога си во трпезарија?
- Како треба да се однесуваш во тоалет?
- Покажи што треба да правиш!
- Која е патеката по која треба да се движиш од училница до трпезарија/тоалет/библиотека/канцеларија?
- Зошто треба да го знаеш патот до тие простории?
- Кому треба да му се обратиш доколку се изгубиш во училиштето?



# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците дискутираат за тоа како би сакале да изгледа нивното училиште и на кој начин може да се постигне тоа.

### РЕЗИМЕ

Училиштето е нашиот втор дом. Во него учиме, се дружиме, се почитуваме и заедно растеме. Заедно соработуваме за да постигнеме поголем успех.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ ЗА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ.

Собирајте ги веќе употребените предмети (пластични чаши, пластични шишиња, картонски амбалажи и сл.) Со собраните предмети учениците нека изградат модел на училиште.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кој учи во училиштето во кое се наоѓате, а кој во училиштето кое го нацртавте?
- Што се тие деца? (Ученици)
- Како се чувствуваш во твоето училиште?
- Што би сакал/сакала да се направи/случи за да се чувствуваш уште попријатно?




# СОДРЖИНА: НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (ГРИЖА ЗА ХИГИЕНАТА ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР)


ГРИЖА ЗА ХИГИЕНАТА ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР

Која е разликата меѓу првата и втората илустрација?

РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ:

- Зошто училишниот двор и училишниот хол од илустрациите се нечисти?
- Кој направил да бидат нечисти?
- На кој начин можеш да придонесеш за твоето училиште да биде чисто и уредно?

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје**: **Литература, изразување и творење** (Лик, време, место во текстот);

**Природни науки, тема: Човекот и човечкото тело** (Грижа за здравјето);

**Математика, тема: Геометрија** (*3Д-форми*) или Работа со подато-ци (Собира, прикажува, толкува и чита податоци);

**Ликовно образование, тема: Сликање** (Основни средства и материјали за сликање).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Претходно стекнатите знаења на учениците се поврзуваат со хигиенските навики кои ги стекнале во домот на родителите/старателите и градинката. Стекнатите знаења, умеења, вештини и разбирања ќе бидат основа за понатамошно развивање на ученичките компетенции за грижа и одржување на околината и средината во која живеат, за екологијата и за свеста за значењето на природните ресурси.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ја објаснува улогата на учениците во грижата за хигиената во училиштето и училишниот двор.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Училиште, училиштен двор, корпа за отпадоци.

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Текст „Таженко и Веселко - приказна за две училишта“ (Прилог), лаптоп, таблет,интернет.




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА



**ПРЕДЛОГ 1**

Учениците го следат текстот „Таженко и Веселко - приказна за две училишта“ (прилог) кој им го чита или драматизира наставникот. При читање или драматизирање наставникот ги истакнува илустрациите на двете училишта. Учениците поведуваат дискусија поврзана со содржината на слушнатото.

**ПРЕДЛОГ 2**

Учениците и наставникот се во обиколка на училишниот двор и училишниот хол. Забележуваат што не им се допаѓа, а што им се допаѓа во училишниот двор и училишниот хол.

**ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА**

- Зошто првото училиште се викало Таженко?
- Кој придонел тоа така да се чувствува?
- Зошто второто училиште се викало Веселко?
- Зошто се чувствувало весело?
- Кој е одговорен за хигиената во училиштето?
- Што ви се допадна во училишниот двор?
- Што не ви се допадна?
- Што може да се подобри во изгледот на училиштето и училишниот двор?
- Кој може да придонесе за тоа?




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците ги разгледуваат и ги објаснуваат илустрациите, а во исто време ги поврзуваат со нивното однесување и грижа за хигиената во училиштето и училишниот двор. Дополнуваат и други примери кои се однесуваат на грижа за хигиената во училиштето и училишниот двор.

Учениците кажуваат примери за тоа што ќе се случи доколку влегуваат со нечисти обувки во училиштето, ако фрлаат отпадоци насекаде, ако не ги враќаат предметите на своето место итн. Посебен фокус се става на фрлање и селектирање на отпадоци во соодветна корпа (доколку училиштето располага со корпи за селектирање на отпадот).

Заклучуваат дека за хигиената во училиштето и училишниот двор треба да се грижат учениците и вработените. Негрижата за одржување на хигиената во училиштето и училишниот двор води кон можности од зараза, болести, но и лош углед на училиштето, а со тоа и на учениците кои учат во него.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- На кој начин можеш да придонесеш нашето училиште да изгледа убаво и средено?
- На кој начин треба да ја одржуваме хигиената во училиштето и училишниот двор?
- На кој начин можеш да придонесеш за подобрување на хигиената?
- Зошто треба да внимаваш на хигиената во училиштето и училишниот двор?








# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Со помош на веб-алатка наставникот креира квиз за правилно селектирање на отпадот. Со повлекување на картичките учениците треба да го селектираат отпадот во соодветната корпа за отпадоци. Предлог за таква апликација:
https://app.wizer.me ; https://h5p.org ;
https://www.liveworksheets.com.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Какви отпадоци има?
- Во какви корпи се селектираат?
- Зошто е потребно да се селектира отпадот?
- Како можеш да придонесеш за заштита на животната средина?

### ПРЕДЛОГ ЗА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ.

Собирајте ја хартијата која веќе еднаш сте ја употребиле во одделението. Заедно со учениците изведете активности за реупотреба на хартијата. Изработете предмети кои ќе можете да ги користите во вашата училница.





# ТАЖЕНКО И ВЕСЕЛКО ПРИКАЗНА ЗА ДВЕ УЧИЛИШТА

Во еден град си живееја две училишта едно до друго. Не дека беа многу блиску, но, сепак, преку улицата можеа да се видат и да си разговараат едно со друго. Најчесто разговараа кога ќе се стемнеше и кога детскиот џагор ќе стивнеше. Светлата во училниците ќе се изгаснеа, а само светлото пред училишниот влез светеше. Тоа беше време кога си ги прераскажуваа случките кои им се случиле во текот на денот. Едното беше високо на три спрата, а другото беше пониско, но, сепак, некако повесело. Повисокото училиште го викаа Таженко. Зошто така го викаа? Ѕидовите му беа исчкртани со разни бои, училишниот двор беше полн со отпадоци, иако во него беа поставени корпи. Дрвцата кои ги засадија неколку ученици беа искршени, а тревата изгазена. Училиштето беше тажно и никогаш не се смееше. Не беше весело. Само сонуваше колку беше убаво кога го изградија. Колку му се радуваа и децата и возрасните. Мечтаеше да се врати тоа време.

За разлика од него, пак, пониското училиште постојано беше весело и со радост му раскажуваше на својот другар Таженко: „Леле, Таженко, да видиш денес што се случи! Марија, ја знаеш, девојчето од прво три, се договорила со другарите и другарките да посадат цвеќиња во дворот. А, пак, Аднан со другарките и другарите ги собраа сите отпадоци околу корпите на училишното игралиште. Ама замисли Таженко, никој тоа не им го кажа, самите се организираа и направија еколошка акција."

„Ахxx!" - тажно воздивна Таженко. „Јас, Веселко, искрено да ти кажам, посакувам некогаш и моите ученици тоа да го направат. Но, некако како да им е поинтересно да ме чкртаат, да ја газат тревата, да ги уништуваат цвеќињата и да се тепаат меѓу себе."

„Таженко, јас имам еден предлог!" - рече Веселко. „Утре, кога ќе дојдат учениците, кажи му на ѕвончето да не ѕвони! Кажи



им на чешмите да не пуштаат вода, а на кредите да не пишуваат на таблата! Напиши им писмо на сите ученици дека ти си тажно училиште затоа што не внимаваат на тебе! Напиши им и дека сакаш, наместо да се караат и тепаат, да другаруваат и да се почитуваат едни со други!“

Така и беше. Наредниот ден кога учениците го чекаа ѕвончето да заѕвони за првиот час, ѕвончето молчеше. Кога Игор излезе на табла да ја реши задачата, кредата не пишуваше. Кога Есма сакаше да ги измие рацете, чешмата само направи едно грлууул. Сите се чудеа што се случува. Токму тогаш, кога Ема сакаше да го наостри моливот под клупа, напипа едно писмо. Го отвори и почна да го чита наглас. Еве што пишуваше во писмото:

„Драги мои ученици, јас сум вашето училиште! Знаете ли како ме викаат? Таженко. А зошто така ме викаат? Затоа што сум целото исчкртано со разни бои. Затоа што нема цвеќиња и дрвца во дворот да им се радувам. Затоа што секојдневно слушам лоши зборови, слушам кавги и гледам тепачки. Не, не сакам да бидам Таженко! Сакам да бидам и јас како Веселко! Сакам да внимавате каде ги фрлате отпадоците, сакам во училниците да има чист и зачуван мебел, сакам сите ваши изработки да бидат зачувани, сакам почесто да ја користите водата и сапунот, сакам да бидам чисто и убаво училиште! Ве молам, ве молам помогнете ми да бидам вашето весело училиште и да не ме викаат повеќе Таженко!“

Откако Ема го прочита писмото, учениците се замислија. Мели стана и им предложи: „Другари, ајде и нашето училиште да се гордее со нас. Ајде да си го поправиме однесувањето. Ајде да внимаваме на хигиената и уредноста.“

Помина една година од оваа случка. Таженко веќе не се викаше така, туку се викаше Веселко број 2. И секогаш беше весело и насмеано. А зошто така се чувствуваше? Што се случи за така да го смени името?

СОДРЖИНА:

# НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (КАКО СЕ ОДНЕСУВАМ ВО УЧИЛНИЦА, УЧИЛИШТЕ И УЧИЛИШТЕН ДВОР?)






## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ги наведува правилата за однесување во училницата, училиштето и училишниот двор (забрана за трчање во ходниците/по скалите, за користење навредливи зборови, за агресивно однесување кон соучениците) и начините на нивно почитување.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Училница, училиште, училиштен двор.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје: Слушање и зборување** (Прераскажување, раскажување, опишување);

**Ликовно образование, тема: Сликање** (Основни средства и материјали за сликање);

**Математика, тема: Работа со податоци** (Собира, прикажува, толкува и чита податоци).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Стекнатите знаења, умеења, вештини, разбирања на ученикот во престојот во градинката и родителскиот/старателскиот дом, интеракцијата со врсниците и содржините од темата **Јас сум дете** се основа за реализација на оваа содржина. Стекнатите вештини, знаења, умеења, разбирања ќе бидат основа за реализација на содржини од Општество и демократска култура и Личен и социјален развој во погорните одделенија.




# СОДРЖИНА: НАШАТА УЧИЛНИЦА И НАШЕТО УЧИЛИШТЕ (КАКО СЕ ОДНЕСУВАМ ВО УЧИЛНИЦА, УЧИЛИШТЕ И УЧИЛИШТЕН ДВОР?)

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Картончиња со примери за соодветно и несоодветно однесување, лаптоп, програма за изработка на презентација Microsoft Power Point, Open Office Impress, https://sway.office.com, https://nearpod.com, https://www.thinglink.com, https://pasteapp.com...), хартија, боички.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- При реализирање на оваа содржина фокусот на активностите треба да биде насочен кон почитување на различностите, стекнување компетенции за родова сензитивност, развивање емпатија, одржување на животната средина, солидарност и кохезија на групата.
- Оваа содржина може да се реализира и преку интерактивна презентација во која учениците активно учествуваат преку следење видеозаписи, решавање квизови, со давање свои предлози кои можат да ги снимаат како аудиозапис или со избор на картички илустрации кога даваат примери за правила кои треба да се почитуваат во училницата, училиштето и училишниот двор. Пример за таква апликација е: https://nearpod.com, во која на колаборативна табла преку техниката Бура на идеи учениците анализираат илустрација, цртаат или го снимаат својот гласовен запис како одговор на прашањето. Потоа одговорите заеднички се преслушуваат.



# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

**АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците следат презентација на различни ситуации од училишното секојдневие во кои се прикажани соодветно и несоодветно однесување (трчање по ходници, кажување навредливи зборови, вербално или физичко насилство, непочитување на заедничката сопственост). Учениците ги анализираат ситуациите и одредуваат кои се позитивни, а кои негативни однесувања.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кои од видените примери се соодветни (правилни), а кои несоодветни (неправилни) однесувања?
- Зошто мислиш така?




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците се делат на две групи и разгледуваат два комплета картички на кои се прикажани примери за правилно и неправилно однесување во училница, училиште и училиштен двор. Откако ќе ги издвојат и групираат во три групи (правилно и неправилно однесување во училница, правилно и неправилно однесување во училиште и правилно и неправилно однесување во училиштен двор), секоја група презентира пред соучениците. Дискутираат зошто некое однесување е соодветно, а зошто некое однесување е несоодветно и како тие влијаат врз учениците, училишното опкружување и непосредната околина. Секоја група избира еден пример од картичките за <u>несоодветно</u> однесување (од картичките на спротивната група) и изведува драматизација. Другата група ја следи драматизацијата и кога ќе примети дека се случува некое несоодветно однесување извикува **СТОП**. Претставник од групата објаснува зошто однесувањето е несоодветно и како правилно треба да се однесуваат во прикажаниот случај.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Опишете ги картичките кои прикажуваат несоодветно однесување во училница/училиште/училиштен двор!
- Зошто мислите дека тие однесувања се несоодветни?
- Кои се последиците од таквото однесување?
- Како ќе се чувствуваат децата прикажани на илустрациите?
- Кои се последиците за нашата околина?
- Кои се последиците за природата?
- Што треба да направиш за да се спречи несоодветното однесување?

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ




## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

### ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците даваат предлози за правила во училницата, училиштето и училишниот двор, цртаат несоодветно однесување на листови хартија, ги бојат и ги заокружуваат во црвен круг. Оние ученици кои знаат да пишуваат може да ги напишат правилата. Така креираните правила се поставуваат низ училиштето. Правилата за однесување во училница се поставуваат во училницата на видно место.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ.

Во текот на слободните активности учениците може да набљудуваат и да соберат податоци за тоа кои правила се прекршуваат во нивното училиште. Активноста може да се интегрира со предметот Математика, тема: **Работа со податоци** (*Собира, прикажува, толкува и чита податоци*).

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- За кого се наменети овие правила?
- На кој начин ќе ги почитувате?
- Што ќе се случи ако не ги почитувате?
- Дали можеш да дополниш уште некое правило?
- На кое друго место, освен училиштето, треба да се почитуваат овие правила?




СОДРЖИНА:
# НИЕ УЧЕНИЦИТЕ И НАШАТА НАСТАВНИЧКА/НАШИОТ НАСТАВНИК




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ја опишува улогата на наставникот/наставничката како лице задолжено да им помогне на учениците да го научат она што се бара по различните предмети и да научат други работи кои се важни за животот во училиштето и надвор од него. Ја опишува улогата на учениците, вклучувајќи се и себеси, како одговорни да ги почитуваат насоките на наставникот/наставничката за тоа како и што да учат. Ја споредува одговорноста на наставниците и на учениците – наставниците да се трудат да ги научат учениците, а учениците да се трудат да научат.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Слушање и зборување**
(Прераскажување, раскажување и опишување);

**Ликовно образование, тема:**
**Цртање**
(Едноставен цртеж).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Оние ученици кои посетувале градинка се запознаени со улогата и значењето на наставникот и учениците. Останатите ученици тоа го перципирале во изминатиот период на училиште. Стекнатите знаења, вештини, разбирања ќе им овозможат полесно да се вклопат во училишната средина, да ја осознаат својата улога и улогата на наставникот и ќе бидат основа за понатамошниот позитивен развој на односот наставник - ученик, притоа вклучувајќи го и факторот родител како неизоставен дел од воспитно-образовниот процес.




# СОДРЖИНА:
# НИЕ УЧЕНИЦИТЕ И НАШАТА НАСТАВНИЧКА/НАШИОТ НАСТАВНИК

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Ученик/ученичка, наставник/наставничка, одговорности.

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Фотографии или видеоинсерти од заеднички активности во паралелката, картички со прикажани заеднички активности, листови, боички.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- При реализирање на оваа содржина наставникот се фокусира на заедничките активности, меѓусебната интеракција (ученик - наставник), почитувањето и односот меѓу учениците. Наставникот не смее да се стави во надредена позиција, туку да се постави како мотиватор, координатор, ментор, соработник кој ќе ги насочува и ќе им помага на учениците.



# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА

### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

**ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА.**
Наставникот/наставничката подготвува видео или презентација со фотографии или видеоинсерти од заеднички активности со учениците кои се реализирале во изминатиот период.

**НА ЧАСОТ.**
Учениците дискутираат за тоа како се чувствувале додека ги изведувале тие активности и со кого ги изведувале тие активности. Од понудените картички избираат што прават заеднички со својот наставник/својата наставничка.

Доколку постојат и други активности кои ги реализираат со својата наставничка/својот наставник учениците доцртуваат, допишуваат или усно дополнуваат. Преку дискусија опишуваат како се чувствуваат додека се на училиште со својата наставничка/својот наставник. Учениците на лист го/ја цртаат својот наставник/својата наставничка. Го/ја опишуваат и го кажуваат неговото/нејзиното име. Ја кажуваат и неговата/нејзината професија. Опишуваат што знаат за професијата наставник.

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ



## ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Што правевме изминатиот период?
- Кој учествуваше во тие активности?
- Кога ви беше најинтересно?
- Кога се чувствувавте најсреќно?
- Како ги изведувавме активностите, вежбите, игрите?
- Како си помагавме меѓусебно?
- Што сум јас, а што сте вие? (Очекуван одговор: наставник/наставничка, ученици.)
- Како треба да се однесуваме меѓу себе?



# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

### ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ

### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците опишуваат која е улогата на наставникот/наставничката преку техниката Бура на идеи: секој ученик кажува по еден збор поврзан со улогата на наставникот/наставничката. Истата постапка ја прават и со улогата на ученикот.

Учениците се ставаат во позиција на наставник/наставничка преку играње улоги. На пример,  прикажуваат како наставникот работи на еден училиштен час, но притоа можат да се вметнат и елементи со ситуација во која на ученикот (во овој случај наставникот е ученик) му е потребна помош во решавање на некоја задача, на некој проблем од секојдневието на учениците од оваа возраст и сл. Се развива дискусија за тоа која е улогата на наставникот, а која на учениците.
Учениците преку дискусија ги утврдуваат должностите на учениците и должностите на наставникот.
Се доаѓа до заклучок дека и наставниците и учениците имаат свои одговорности кои ако ги почитуваат ќе имаат успех во учењето и работата.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Која е улогата на наставничката/наставникот во училиштето/училницата?
- Кои се одговорностите на наставничката/наставникот кон учениците?
- Кои се одговорностите на учениците?
- Како наставничката/наставникот им помага на учениците?
- Како учениците соработуваат со наставничката/наставникот?
- Зошто е тоа потребно?
- Што се постигнува со таквата соработка?
- Што се постигнува со почитувањето на одговорностите?
- Кои правила треба да ги почитуваме кога заеднички работиме?

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ




## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците се ставаат во обратна улога и го/ја прашуваат наставникот/наставничката како се чувствува додека е со нив. Предлагаат свои идеи за тоа како може меѓусебната соработка да биде поуспешна. Се извлекува заклучок дека секој има свои одговорности кои треба да се почитуваат. Наставникот и учениците се најзадоволни кога се почитуваат меѓу себе, си помагаат, ги почитуваат правилата на однесување и се придржуваат кон своите одговорности.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ.

Учениците нека направат интервју со вас или со некој друг наставник/некоја друга наставничка за тоа како се станува наставник/наставничка и која друга професија би ја одбрале доколку не биле наставник/наставничка.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Што друго можеме да направиме за да бидеме поуспешни во работата?

# ТЕМА 3:

# МОЈОТ ДОМ



# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

## УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА ЌЕ БИДЕ СПОСОБЕН/СПОСОБНА ДА:

1. се идентификува себеси како член на семејството/заедницата;
2. ја објаснува улогата и одговорностите на децата и возрасните во семејството/заедницата;
3. разликува слободно време од време посветено на обврските во домот и училиштето.




СОДРЖИНА:
# ДОМ И СЕМЕЈСТВО – КАДЕ ЖИВЕАМ (КУЌА, СТАН)?




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Го опишува домот, ги идентификува просториите во домот и објаснува за што се користат.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Куќа/стан, простории во домот, двор.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Почетно читање и пишување**
(Збор, буква, глас);

**Ликовно образование, тема:**
**Пластично обликување**
(Основи на ликовниот јазик во пластичното обликување);

**Математика, тема:**
**Мерење**
(Должина, маса, зафатнина);

**Природни науки, тема:**
**Живи суштества**
(Животни).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Претходните знаења и разбирања на учениците стекнати во градинка и нивниот престој во семејниот/старателскиот дом се основа за реализирање на оваа содржина. Учениците веќе имаат стекнато сознанија за начините на домување (стан, куќа), така што оваа содржина претставува проширување на нивните знаења и ќе претставува основа за трансверзална поврзаност со слични теми од општествените науки, како и со другите предмети во погорните одделенија.




*СОДРЖИНА:*

# ДОМ И СЕМЕЈСТВО – КАДЕ ЖИВЕАМ (КУЌА, СТАН)?

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Картонски кутии, предмети од училницата кои можат да се реупотребат, пластелин, глинамол, лаптоп, интернет, картички.









## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- При реализација на оваа наставна содржина наставникот треба да внимава на социјалниот статус на учениците кога се набројуваат просториите и мебелот во просториите од домот во кој живеат учениците. Поради таа причина вниманието на учениците треба да го насочи повеќе на тоа за што служат просториите во домот отколку каков мебел има во просториите и дали во домот ги имаат сите простории.
- На учениците им се објаснува дека дом е куќа, стан или друго засолниште кое е вообичаено живеалиште на лице, семејство или домаќинство. Во него членовите на семејството живеат и ги изведуваат секојдневните активности. Домот претставува место каде што треба да се чувствуваат заштитено и сакано.
- Наставникот може да изработи флеш карти за препознавање на мебелот и просториите во домот со помош на онлајн алатки: https://www.goconqr.com, https://www.cram.com/flashcards или флеш карти за печатење: https://www.canva.com. На предната страна на картичката поставува илустрација на мебел, а на другата страна на картичката поставува слика од просториите во домот. Учениците треба да погодуваат за која просторија од домот се однесува илустрацијата на мебелот. Истото може да го поврзе при интеграција со предметот Македонски јазик (*Препознавање на букви и зборови*), со тоа што на задната страна од картичката поставува збор или почетната буква од зборот.
  Пример за флеш карта изработена со помош на онлајн алатката Goconqr:
  Прашање: *Во која просторија припаѓа каучот?*
  Одговор: *Дневна соба.*

ТЕМА 3: МОЈОТ ДОМ

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА

#### ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА.

На часовите за слободни активности учениците со наставникот изработуваат модел на куќа или стан за кукли со поставување на простории и мебел во просториите. Куќата и мебелот го изработуваат од материјали кои можат да се реупотребат (картонски кутии, пластични и картонски кутичиња, сунѓери или да се изработат од пластелин или глинамол и да се обојат со боички и сл.). Вака изработената куќичка ќе им послужи за реализација на повеќето содржини од темата **Мојот дом**.

#### ПРЕДЛОГ 1

Учениците ја следат приказната која наглас ја чита наставникот (прилог) и одговараат на прашањата кои ги поставува. Дискутираат кои се одликите на зградите и становите во зградите, а кои се одликите на куќите. Се делат на две групи: **СТАН** и **КУЌА**. Се поведува дебата во врска со прашањето кое го поставува наставникот откако ќе го прочита текстот: *Каде е подобро да се живее - во стан или во куќа?* Во дебатата секоја група го брани својот став и објаснува зошто така мисли. Учениците воочуваат дека живеалиштата во зградите (становите) и куќите со едно име се нарекуваат *дом* и дека не е важно каде живеат, туку е важно да се чувствуваат пријатно и сакано во домот.

#### ПРЕДЛОГ 2

Учениците разгледуваат илустрации на згради и куќи и ја опишуваат разликата меѓу нив. Наставникот може да им демонстрира и видеоснимка од одреден дел од градот во кој се гледаат куќи и згради. Учениците дискутираат за одликите на зградите и куќите. Воочуваат дека живеалиштата во зградите (становите) и куќите во кои живеат луѓето со едно име се нарекуваат *дом*.



#### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Каде живеел Марио, а каде Мерал?
- По што се разликуваат зградите од куќите?
- Што е дом?

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ




## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ 1

Учениците играат со изработената куќичка и изработените кукли. Влечат картончиња на кои има напишано или нацртано во која просторија треба да ја постават куклата и да ја опишат просторијата во која ја поставиле куклата (мебел, име на просторијата). Другите ученици ги дополнуваат одговорите на ученикот кој ја поставува куклата во соодветната просторија.

### ПРЕДЛОГ 2

Учениците следат демонстрирање на илустрации со прикажани простории и за секоја просторија дискутираат за што служи, го именуваат мебелот и дискутираат за што се користи таа просторија. За таа цел наставникот може да подготви презентација во која се вклучени просториите во домот и објаснување за нивната намена.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кои простории во домот можеш да ги именуваш?
- За што служи секоја просторија?
- Каков мебел има во секоја просторија?
- Каде најмногу сакаш да престојуваш?
- Зошто?
- Во која просторија ти е најпријатно?

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

### ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ

### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците поврзуваат илустрации на активности кои се одвиваат во домот со пресек на илустрирана куќа во која се претставени просториите во куќата. Притоа учениците дискутираат кои активности во кои простории од домот ги изведуваат.
Како дополнителна активност може да нацртаат, да напишат или усмено да се изразат која просторија би ја додале во својот дом и зошто. Која би била намената на таа просторија?
Доаѓаат до заклучок дека секоја просторија во домот има своја намена и дека домот претставува место каде што се чувствуваат безбедно и сакано.



### ПРЕДЛОГ ЗА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ

Оваа содржина може да се интегрира со содржината *Живеалишта на животните* од предметот Природни науки, при што учениците може да изработат живеалишта на некои животни и да направат споредба на живеалиштата на луѓето со живеалиштата на животните.

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ




## ДОПОЛНИТЕЛНА АКТИВНОСТ

Учениците играат онлајн игра во која ги уредуваат просториите во домот со потребниот мебел и ја опишуваат намената на секоја просторија. Една таква онлајн игра со лесни и разбирливи правила се наоѓа на линкот: http://www.gamekidgame.com/mobile/home-decoration/home_decoration.html. Наставникот може да подготви и интерактивна презентација во вид на игра на: https://view.genial.ly или https://www.thinglink.com, во која при допир на интерактивните точки се отвора прозорец на кој е илустрирана намената на соодветната просторија во домот:



## РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

## ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Која просторија би сакал/-а да ја додадеш во домот?
- За што би служела таа?
- Каков мебел би имала?
- Како би се чувствувал/-а во неа?







# КУЌА ИЛИ СТАН?

Здраво! Јас сум Марио и живеам во град. Во градот има многу згради, но и куќи. Јас живеам во куќа, а мојата пријателка Мерал живее во стан. Станот се наоѓа на седмиот кат од зградата. Кога одам кај неа на гости се качувам со лифт (но можам да одам и по скалите). На спратот има неколку стана. Во еден од нив живее и Мерал. Секој стан има број. Таа живее во станот со број 21. Зградата е многу висока и понекогаш кога со Мерал гледаме низ прозорецот од нејзиниот стан, луѓето ни изгледаат малечки како мравки. Со Мерал одиме да играме на детското игралиште кое се наоѓа покрај зградата. Поретко играме во станот затоа што ако сме бучни, соседите може да се налутат, сепак, и ним им треба време за одмор.

Кога Мерал доаѓа кај мене на гости играме во нашиот двор. Тука јас немам детско игралиште со лулашки, но имам кош за кошарка, па можеме да си поиграме со баскетот.

Мерал вели дека повеќе би сакала да живее во куќа, а јас ѝ велам дека мене ми е поинтересно да живеам во стан затоа што ќе можам да го гледам градот од високо.

Каде би сакале да живеете вие другарчиња?




СОДРЖИНА:

# ДОМ И СЕМЕЈСТВО (СО КОГО ЖИВЕАМ?)




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ги наведува членовите на своето семејство, односно членовите на заедницата во која живее. Ги опишува односите меѓу членовите во семејството/заедницата во која живее (родители – деца, старатели – деца, браќа – сестри). Ја објаснува разноликоста во семејствата (семејство со еден или двајца родители и со едно или повеќе деца, со родители кои живеат разделени, проширено семејство, старателско семејства, згрижувачко семејство).

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Слушање и зборување**
(Прераскажување, раскажување и опишување);

**Природни науки, тема:**
**Живи суштества**
(Карактеристики на живите суштества);

**Математика, тема:**
**Операции со броеви**
(Собирање и одземање до 20);

**Ликовно образование, тема:**
**Пластично обликување**
(Основни материјали).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Претходните знаења се однесуваат на стекнатото искуство во градинка и во семејниот/старателскиот дом, интеракцијата со блиското опкружување, а ќе претставуваат основа за стекнување знаења и ставови на ученикот кои се однесуваат на подрачјата Личен и социјален развој и Општество и демократска култура.




СОДРЖИНА:

# ДОМ И СЕМЕЈСТВО (СО КОГО ЖИВЕАМ?)

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Семејство, родител/родители, старател/старатели, деца, мајка, татко, брат, сестра, баба, дедо, роднини.

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Шпил со картички на кои се илустрирани луѓе различни по возраст и пол, коцки, хартија, боички.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- Посебно внимание треба да се обрне на кој начин ќе им се објасни на учениците дека постојат старателски семејства и семејства кои се составени од деца и воспитувачи (згрижувачки семејства и дом-семејство). На учениците треба да им се објасни дека и во тие семејства владее слога, љубов, разбирање и почитување, но дека и во тие семејства варира бројот на членовите.
- Наставникот треба да го знае составот на паралелката и да биде особено претпазлив при поставување прашања поврзани со именување на членовите на семејството на ученикот (татко, мајка, брат, сестра итн.), доколку во паралелката има деца од еднородителско семејство или деца без родители. Избегнувајте сензитивни прашања кои се однесуваат на отсуство на родител или друг член на семејството.




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА



**ПРЕДЛОГ 1**

Учениците имаат две коцки и шпил картички на кои се нацртани ликови од сите возрасти кои треба да претставуваат членови на потесно и пошироко семејство (татко, мајка, ќерка, син, дедо, баба, тетка, тетин, чичко, стрина, братучеди итн.). Секој ученик ги фрла коцките и го кажува бројот кој го добил. Според тој број ученикот треба да формира замислено семејство. Бројот на членовите на семејството треба да соодветствува на бројот кој го добил со фрлање на коцките. Од шпилот вади картички со членови на семејството и формира семејство. Го опишува добиеното семејство наведувајќи ги членовите. На пример, со фрлање на коцките го добива бројот 6. Од шпилот вади 6 картички (по свој избор) и на секој лик му дава улога: татко, мајка, брат, чичко, дедо, тетка.

**ПРЕДЛОГ 2**

Учениците разгледуваат фотографии или илустрации на семејства. Ги набројуваат членовите на семејствата од фотографиите или илустрациите и ги именуваат роднинските врски (татко, мајка, баба, дедо, син, ќерка итн.).

**ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА**

- По колку членови наброивте во семејствата?
- Дали има разлика во бројот на членовите?
- Колку членови брои твоето семејство?




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците разгледуваат илустрации на кои се прикажани различни видови семејства (семејство со двајца родители, еднородителско семејство, згрижувачко/старателско семејство и семејство во групни домови) и ги именуваат според претходното објаснување за видовите семејства од страна на наставникот.
Со помош на картичките формираат потесно семејство и пошироко семејство. Ги именуваат роднинските врски (татко, мајка, брат/браќа, сестра/сестри, баба, дедо, тетка итн.). Ги кажуваат имињата на членовите на своето потесно семејство, а потоа и на своето пошироко семејство. Дискутираат за значењето на слогата, разбирањето и меѓусебната почит во семејството.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Од кои членови се составени семејствата со два родители, еднородителското семејство и згрижувачкото/старателското семејство?
- Која е разликата меѓу нив?
- Кои членови го сочинуваат потесното, а кои поширокото семејство?
- Што е најважно да постои во семејството?
- Како се чувствувате во вашето семејство?
- Кога се чувствувате најпријатно во вашето семејство?
- Што можеш да направиш за да се почувствуваш уште попријатно?




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците на лист го цртаат своето семејство, а потоа листовите ги ставаат на едно купче. Секој од учениците приоѓа и избира еден цртеж. Кажува/погодува дали на цртежот е прикажано потесно или пошироко семејство, ги набројува и ги опишува членовите. Погодува чие семејство опишал.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ ЗА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ

Учениците заедно со наставникот изработуваат кукли прикажани со различна возраст и пол. Куклите може да се изработат од хартиени кеси, стари чорапи, стара хартија со помош на техниката каширање итн. Изработените кукли ќе им послужат за играње улоги при реализација на содржините по предметот Општество, но и за другите наставни предмети.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Дали сите семејства се исти?
- По што се разликуваат?
- Што е заедничко за сите семејства?




# СОДРЖИНА:
# УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО ДОМОТ (КАКО СЕ ГРИЖИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ?)


КАКО СЕ ГРИЖИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ?

Разгледај ги илустрациите и **РАСКАЖИ** што прават членовите на семејствата!

**РАЗМИСЛИ И ОДГОВОРИ:**

* Кој што работи во твојот дом?
* Кои се твоите задолженија во домот?
* Зошто е важно сите членови на семејството да се грижат за домот?

**ОБОЈ** го кругчето покрај илустрацијата која прикажува што од наведеното работиш во твојот дом!

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Почетно читање и пишување**
(Почетно пишување);

**Математика, тема:**
**Работа со податоци**
(Собира, прикажува, толкува и чита податоци);

**Ликовно образование, тема:**
**Сликање**
(Слика и колаж).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Непосредното опкружување и интеракцијата со семејството и другарчињата на ученикот/ученичката претставуваат основа за реализација на оваа содржина. Стекнатите знаења, умеења, вештини од оваа содржина ќе претставуваат основа за понатамошно надградување на личниот и социјалниот развој.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ги наведува и ги објаснува постапките за одржување на личната хигиена со одговорно користење на водата. Идентификува каде се фрла отпадот од домаќинството. Ја објаснува својата улога и улогата на членовите на семејството во одржување на хигиената во домот. Ги разликува задолженијата и одговорностите на возрасните и децата во семејството/домот. Објаснува дека и машките и женските членови на семејството се еднакво одговорни за грижата во домот (за одржување на хигиената, за готвењето и сл.).




СОДРЖИНА:
# УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО ДОМОТ (КАКО СЕ ГРИЖИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ?)

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Грижа, возрасни, задолжение, почит, одговорност, хигиена.

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Предмети од училницата, изработена куќичка за кукли, кукли изработени од хартија или друг материјал, листови, боички, презентација.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- Настојувајте од учениците да извлечете што повеќе примери за обврски кои ги имаат во домот. Нагласете ја важноста на редовното извршување на обврските во домот и значењето на одржувањето хигиена, распределбата на должностите, штедењето на водата и електричната енергија, правилното складирање на отпадот, одговорното однесување кон домашните миленици. Применете причинско-последични примери за редовно и нередовно извршување на обврските.
- Преку играњето улоги во главниот дел од часот ќе имате јасен увид кои се сфаќањата на ученикот/ученичката за неговата/нејзината улога во домот и дали се присутни родовите стереотипи. Обидете се да интервенирате преку давање јасни и конкретни примери зошто треба да се избегнуваат стереотипите.

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА

**ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА.**

Наставникот подготвува сцена од домашен амбиент: дневна соба, кујна, детска соба со помош на средствата и предметите со кои располага во училницата. Истото може да се подготви и со помош на куќичката за кукли која ја изработија за потребите на претходните содржини.

**ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ**

Наставникот презентира илустрации на кои се прикажани различни активности во домот кои ги изведуваат децата. Секој ученик на лист забележува колку активности од прикажаните ги изведува во својот дом. На крајот учениците го сумираат вкупниот број активности и доколку има некои активности кои не се презентирани, ги дополнуваат.

**ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА**

- Кои се твоите задолженија во домот?
- Кога и како ги извршуваш?





# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ 1

Учениците се делат на две групи. Секоја од групите треба да спреми драматизација од секојдневниот живот на семејството. Членовите на групата добиваат свои улоги и импровизираат активности кои се одвиваат во семејството. Драматизацијата може да се изведе и со помош на куќичката за кукли и изработените кукли. Учениците дискутираат за тоа кои членови на семејството кои обврски ги изведуваат. Се дискутира за стереотипноста на родовите улоги во домот. При изведување на активноста наставникот ги упатува учениците да прикажат начини како ги штедат електричната енергија и водата и како го селектираат отпадот.

### ПРЕДЛОГ 2

Учениците ја следат презентацијата која ја подготвил наставникот во која се прикажани сцени од секојдневните активности во домот (одржување хигиена во домот, готвење, пеглање, гледање телевизија, полевање на цвеќињата, играње друштвени игри, пазаруваат, уредуваат двор/градина, се грижат за миленичиња, вршат поправки итн.). Се поведува дискусија што од прикажаното го прават во нивниот дом и кој што работи во нивниот дом. Се дискутира за стереотипноста на родовите улоги во домот.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кои задолженија во домот ги имаат возрасните, а кои децата?
- По што се разликуваат тие задолженија?
- Преку кои активности помагаш дома?
- Зошто децата не можат да прават некои работи кои ги можат возрасните?
- Кои задолженија можете да ги правите заедно со возрасните?
- Кое задолжение со задоволство го извршуваш?
- Дали има поделба на машко-женски работи?
- Што можеш да направиш за да нема таква поделба?
- Што ќе се случи ако членовите на семејството не се придржуваат кон своите обврски?

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**

### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците дискутираат и даваат предлози за тоа на кои други начини можат да придонесат за уредноста, хигиената и заштедата на вода и електрична енергија во домот.

### ПРЕДЛОГ ЗА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ

Учениците цртаат плаката на која се прикажани нивни активности и активности на членовите на семејството во нивниот дом. Плакатата може да се дополни и со примери на кои се прикажани начини на штедење на водата и електричната енергија.



### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

**ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА**

- На кој начин можеш да придонесеш за уредноста и хигиената во домот?
- На кој начин можеш да придонесеш за штедење на водата и електричната енергија во домот?




СОДРЖИНА:

# УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО ДОМОТ (ВО МОЈОТ ДОМ МЕЃУСЕБНО СЕ ПОЧИТУВАМЕ)




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Разликува постапки кои придонесуваат за меѓусебно почитување на членовите на семејството/заедницата и заедничкото живеење од постапки кои го нарушуваат тоа.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Грижа, возрасни,почит.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Слушање и зборување**
(Прераскажување, раскажување и опишување);

**Ликовно образование, тема:**
**Сликање**
(Слика и колаж);

**Музичко образование, тема:**
**Пееме, свириме и играме**
(Музичко изразување и творење).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Претходните искуства за разрешување конфликти и почитување на мислењето на другите претставуваат основа за развој на вештините кои учениците треба да ги стекнат во оваа наставна содржина. Во погорните одделенија учениците ќе ги развиваат своите вештини за личен и социјален развој преку содржини интегрирани во образование за животни вештини и општество.

ТЕМА 3: МОЈОТ ДОМ

СОДРЖИНА:

# УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО ДОМОТ (ВО МОЈОТ ДОМ МЕЃУСЕБНО СЕ ПОЧИТУВАМЕ)

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Зелени и црвени картончиња за секој ученик, илустрации со претставени проблемски ситуации од семејниот живот.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- Децата во овој развоен период потешко ги акцептираат апстрактните поими, како што е поимот конфликт, па поради тоа препорачливо е да се користат термини кои им се блиски и познати.
- Социјалните вештини се од суштинско значење за да може детето да воспостави интеракција со другите. Во овој развоен период детето е способно да применува соодветни стратегии, како на пример, решавање конфликти со изнаоѓање решение кое ќе биде прифатливо за двете страни. Исто така, мошне важно е кај децата да се развие „емпатија“ (да ги препознаат чувствата на другите), што ќе им овозможи да покажат разбирање и грижлив однос кон врсниците и возрасните. Бидејќи детето во овој период развива самоконтрола и знае да се воздржи при разговор, наставникот треба да го искористи овој податок за кај детето да развие вештина на договарање наспроти спротивставување, почитување на туѓото мислење наспроти преферирање на своето мислење.
- Секогаш истакнувајте им на учениците да ги сослушуваат и анализираат туѓите гледишта и со почитување да се однесуваат кон нив, дури и тогаш кога не се согласуваат.

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

**АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Наставникот на подот од училницата го пишува бројот 6. Учениците кружат околу бројот и дискутираат кој број го гледаат. Се очекува некои ученици да кажат дека тоа е бројот 6, а некои дека тоа е бројот 9. Заеднички се договараат кој број го гледаат.




**ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА**

- Зошто не можевте да одредите кој број го гледате?
- Како најдовте решение?

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците се делат во две групи и во рамките на групите се обидуваат да состават приказни за прикажаните ситуации. Дискутираат што довело за да настанат прикажаните ситуации и како може да се реши проблемот.



Групите ги презентираат своите одговори и решенија на проблемите. Се поведува дискусија за тоа дали постои и некое друго решение за проблемите. Откако одговорите на групите ќе се исцрпат, наставникот ги открива илустрациите во кои е прикажано решението на проблемите:



Учениците воочуваат дека до решение на проблемите дошло откако членовите на семејството се договориле меѓу себе и пронашле заедничко решение, а притоа двете страни биле задоволни. Тоа го постигнале со почитување на мислењето на другиот.
Учениците кажуваат примери од секојдневниот живот како решиле некој проблем, почитувајќи го мислењето на другиот и со помош на меѓусебен договор.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Опиши која е причината да настанат вакви непријатни ситуации!
- Како настанал конфликтот?
- Како се чувствуваат учесниците во ситуациите?
- Како може да се решат ваквите ситуации?
- Кое е решението?
- Зошто е важно да се договорат меѓу себе?
- Како ќе се чувствуваат учесниците откако ќе ја решат ситуацијата?
- Што е најважно при решавање на ваквите ситуации?
- Како на друг начин ќе покажете почитување на другиот?

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**

### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците се делат на две групи. Секоја група има задача да реши проблемска ситуација од семејниот живот кои наставникот претходно им ги поставил. Откако ќе се договорат за решението, секоја група презентира, а членовите на другата група со помош на техниката Семафор (подигање на црвено картонче за **НЕ** и зелено картонче за **ДА**) даваат повратен одговор дали решението е правилно или не. Дискутираат за тоа на кој начин ги решиле проблемските ситуации и предлагаат и други начини како да се реши проблемот.



### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како го решивте проблемот?
- Што заклучивте, што **НЕ** смеете да применувате при решавање на проблемските ситуации?
- На кои други начини може да се решат ситуациите од примерот?



СОДРЖИНА:

# АКТИВНОСТИ ВО ДОМОТ (ЕДЕН ДЕН СО МОЕТО СЕМЕЈСТВО)




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Наведува активности на членовите на семејството/заедницата во текот на денот, вклучително и сопствените.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје:**
**Литература, изразување и творење**
(Редослед на настани во текст);

**Математика, тема:**
**Работа со податоци**
(Собира, прикажува, толкува и чита податоци),
**Мерење**
(Време);

**Ликовно образование, тема:**
**Сликање**
(Слика и колаж).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Претходните искуства за разрешување конфликти и почитување на мислењето на другите претставуваат основа за развој на вештините кои учениците треба да ги стекнат во оваа наставна содржина. Во погорните одделенија учениците ќе ги развиваат своите вештини за личен и социјален развој преку содржини интегрирани во образование за животни вештини и општество.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Утро, преку ден, вечер, преку ноќ.

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Нацртана табела за активности, налепници/стикери со нацртани активности, модел на куќичка за кукли, кукли кои претставуваат жена, маж, момче, девојче, текст „Денот на Ана“.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- При реализирање на оваа содржина обрнете внимание ученикот, освен своите активности во денот, да ги набројува и опишува и активностите на членовите на семејството/заедницата. На тој начин ќе добие поглобална слика за важноста од планирање и организирање на активности, но и стекнување одговорност кон задолженијата во семејството и пошироката заедница.

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

**АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА**

### ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА

Учениците забележуваат активности во нивното семејство/заедница кои се изведувале претходниот ден (цртаат или составуваат реченици). За тоа можат да послужат и картончиња кои наставникот претходно ги подготвил и им ги дал, а на кои се претставени различни активности. Учениците дома ги издвојуваат картончињата со активности кои ги извршиле.



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците ги „читаат“ своите забелешки за тоа што правеле претходниот ден и дискутираат кои активности им се различни, а кои исти или слични со другите соученици. На табла, со помош на Венов дијаграм, се истакнуваат картончињата со активностите на учениците. Во пресекот ги поставуваат активностите кои им се исти.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Што правевте минатиот ден?
- Кои активности ви се слични, а кои различни?
- Во кој дел од денот ги изведувавте тие активности?





# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ 1

Учениците го следат текстот „Денот на Ана“ (прилог) кој го чита наставникот. Додека го чита текстот, наставникот презентира илустрација или презентација во која се прикажани активностите на Ана и нејзиното семејство во текот на денот. Во текот на читањето наставникот им поставува прашања на учениците дали и тие прават како Ана. Учениците со дигање на картончиња (црвено за **НЕ**, а зелено за **ДА**) даваат повратен одговор. Се поведува дискусија за тоа како Ана го поминала денот, а потоа секој ученик/ученичка се изјаснува како му/ѝ поминува нему/нејзе денот и кои активности им се исти или слични, а кои различни со активностите на Ана. При читањето и презентирањето наставникот ги споменува поимите *утро, ден, вечер и ноќ*. Доколку некои ученици имаат потешкотии да ги разликуваат овие поими, наставникот применува практични примери за да ги објасни поимите.

Учениците ги бојат понудените картички со соодветна боја која одговара на утро, ден, вечер и ноќ и одредуваат кои активности во кои делови од деноноќието ги изведуваат.

### ПРЕДЛОГ 2

Со помош на куќичката за кукли и изработените кукли учениците изведуваат драматизација на активностите кои ги имаат во текот на денот. За таа цел, освен куќичката, наставникот треба да има подготвено макета или предмети кои ќе претставуваат училиште, работно место, игралиште итн.

Учениците ги бојат понудените картички со соодветна боја која одговара на утро, ден, вечер и ноќ и одредуваат кои активности во кои делови од деноноќието ги изведуваат.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кои активности во денот ви се слични со активностите на Ана, а кои различни?
- Опиши како ви поминува денот тебе и на твоето семејство/заедница!
- Опиши како би го испланирал/испланирала својот ден!
- Зошто треба да го планираме денот?




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

- Што би се случило ако не ги исполнуваме обврските во текот на денот?
- Кои активности ти се омилени?
- Кои активности би ги исфрлил/исфрлила од дневниот распоред?
- Зошто?
- Во кој дел од денот ти е најпријатно?

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците пополнуваат дадена табела со податоци за тоа која активност колку пати во денот ја изведуваат. На пример: забите ги мијат наутро, после секое јадење, навечер пред спиење; јадат наутро, на ручек, ужинаат и вечераат итн. Дискутираат за тоа која активност најчесто ја прават, зошто е тоа така и која активност им помага да се чувствуваат пријатно.



| | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | I | III | I | | 5 |
| | I | II | I | | 4 |
| | I | I | | | 2 |
| | | | I | | 1 |
| | | I | | | 1 |
| | | | | I | 1 |
| | | | I | | 1 |

### ПРЕДЛОГ ЗА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ

Учениците цртаат стрип „Мојот ден“ или „Како го замислувам мојот идеален ден“.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Која активност најчесто ја правиш?
- Која активност би ја додал/додала во дневниот распоред?

# ДЕНОТ НА АНА

Јас сум Ана и учам во прво одделение. Моето семејство се состои од татко ми, мајка ми и мојата постара сестра. Мојот ден започнува во 7 часот наутро. Тогаш се будам, го местам креветот, ги средувам пижамите и ги оставам уредно за да можам навечер лесно да си ги најдам и облечам. Откако ќе се облечам, одам во тоалетот, ги четкам забите со паста за заби, го мијам лицето и се чешлам. Сето тоа го правам сама. Татко ми и мајка ми одат на работа, а јас сум спремна да одам на училиште.

*(Прашања од наставникот: Дали и вие станувате во 7 часот наутро? - Дали го местите креветот како Ана? - Дали ги средувате пижамите како Ана? - Дали се миете, ги четкате забите и се чешлате како што прави Ана?)*

На училиште одам со моите другари Матеј и Сара. Заедно внимателно одиме по тротоарот и секогаш внимаваме на семафорот.

*(Прашања од наставникот: Дали и вие одите пешки на училиште? - Ако не, кој и со што ве носи? - Дали се движите по тротоарот ако одите пешки?)*

Пристигнуваме на училиште и тука се среќаваме со другите ученици и нашата наставничка. Внимателно ја следиме наставничката и активни сме на часовите. Од училиште одам право дома за моите родители да не се грижат каде сум се задржала.

*(Прашања од наставникот: Што правите на училиште? - Каде одите откако ќе завршат часовите?)*



Кога ќе дојдам дома, заедно со сестра ми ужинаме, а потоа ја пишуваме домашната работа, учиме и се подготвуваме за обврските во училиште за наредниот ден. Тогаш доаѓаат тато и мама од работа и седнуваме да ручаме.

*(Прашања од наставникот:  Дали домашната работа ја работите кога и Ана? - Дали времето за ручек ви е исто како и времето за ручек на Ана?)*

Попладнето заедно со сестра ми цртаме, играме игри, читаме или се дружиме со другарчињата. Вечерта заедно со тато и мама вечераме, а потоа гледаме телевизија. Полека доаѓа времето кога треба да легнам да спијам.

*(Прашања од наставникот: Како ви поминува попладнето? - Дали ги работите истите работи како и Ана?)*

Пред да легнам го подготвувам училишниот ранец, спремам облека за на училиште, го местам креветот за спиење, ги облекувам пижамите, одам во тоалет, се мијам и ги четкам забите. Навечер легнувам порано и цела ноќ спијам затоа што треба да бидам свежа и одморена за наредниот ден.

*(Прашања од наставникот: Дали и вие ги подготвувате училишниот ранец и облеката за на училиште како Ана? - Дали и вие го мислите истото што и Ана: треба да се легне порано за да бидете свежи и одморени за наредниот ден?)*

# ТЕМА 4:

# МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ



# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

## УЧЕНИКОТ/УЧЕНИЧКАТА ЌЕ БИДЕ СПОСОБЕН/СПОСОБНА ДА:

1. го именува и опишува местото (град/село) во кое живее, да ја именува својата држава и да го препознава државното знаме;
2. опишува зошто служат продавниците/маркетите, пазарот, амбулантата/болницата/Брзата помош, аптеката, Полицијата, Противпожарната служба и да ги наведува професиите поврзани со нив;
3. ги почитува основните сообраќајни правила за безбедно движење во сообраќајот. Ученикот/ученичката ќе:
4. развива свест за припадност кон својата држава.

**ТЕМА 4:**
**МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ**

СОДРЖИНА:

# МОЈОТ ГРАД/СЕЛО И МОЈАТА ДРЖАВА - КАДЕ ЖИВЕАМ (ГРАД/СЕЛО, ДРЖАВА)?




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Го именува и го опишува местото во кое живее (град/село), ја именува државата и го препознава нејзиното знаме.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Село, град, држава, знаме.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Македонски јазик, подрачје**: **Слушање и зборување** (Групирање зборови);

**Ликовно образование, тема: Цртање** (Едноставен цртеж).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Ученикот/ученичката веќе има претстава за поимите село и град. Тоа е основа за проширување на знаењата за тоа како функционира градот, а како селото и способноста за споредување на градот и селото. Се очекува ученикот/ученичката да има потешкотии во визуелизација на поимот држава, но во овој случај доволно е да знае дека местото каде што живее се наоѓа во нашата, заедничка држава по име Република Северна Македонија. Стекнатите знаења, умеења ќе бидат основа да го гради својот национален идентитет како граѓанин на нашата држава.




СОДРЖИНА:

# МОЈОТ ГРАД/СЕЛО И МОЈАТА ДРЖАВА - КАДЕ ЖИВЕАМ (ГРАД/СЕЛО, ДРЖАВА)?

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Интернет, лаптоп, картички (прилог), картончиња со напишани поими ГРАД и СЕЛО или нацртани град и село (бројот на картички кои претставуваат село да биде поголем од бројот на картичките кои прикажуваат град), знаме на Република Северна Македонија, боички.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- При реализација на оваа содржина почнете со конкретни примери за изгледот на селото/градот, објектите кои ги има во нив, професиите кои ги има во селото/градот и поврзаноста/зависноста на градот од селото и селото од градот.
- Почнувајте со примери кои ќе го опишуваат местото на живеење на ученикот, а потоа направете споредба со другите градови/села.
- При демонстрирање на немата карта на нашата држава не барајте од учениците да ги опишат границите, туку објаснете дека просторот кој е во рамките на нацртаната линија е, всушност, нашата држава, но намалена за многу пати.
- Не настојувајте распоредот на картичките со градови и села (во главниот дел од часот, предлог 2) на немата карта да соодветствува со распоредот на градовите и селата на географската карта. Доволно е учениците да воочат дека има повеќе села отколку градови и дека тие ги претставуваат селата и градовите кои се наоѓаат во нашата држава. Посочете им дека во светот постојат и други села и градови.

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА

#### ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНИКОТ ЗА ВОВЕДЕН ДЕЛ 1

Во апликацијата: https://www.jigsawplanet.com наставникот подготвува две сложувалки, една со илустрација на град и една со илустрација на село.

#### ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНИКОТ ЗА ГЛАВЕН ДЕЛ ОД ЧАСОТ

Наставникот црта нема карта на Република Северна Македонија на поголем лист хартија. Подготвува картончиња на кои ги има напишано зборовите **СЕЛО** и **ГРАД** или има нацртано село и град.

#### ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНИКОТ ЗА ВОВЕДЕН ДЕЛ 2

Наставникот подготвува квиз со асоцијации во апликацијата: https://wordwall.net (во отсекот image quiz), во која учениците најпрво ја откриваат илустрацијата на која е прикажан град, а потоа илустрацијата на која е прикажано село.

#### ПРЕДЛОГ 1

Учениците се делат на две групи.
Првата група ја открива сложувалката со илустрација на град, а втората група ја открива сложувалката со илустрација на село.

#### ПРЕДЛОГ 2

Учениците ја решаваат асоцијацијата и ги откриваат сликите на градот и селото.

Учениците дискутираат што откриле, дали некогаш биле во град/село и ги опишуваат градот и селото.

#### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Што откривте на сликите?
- Како изгледа градот, а како изгледа селото?



# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

### ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ

#### ПРЕДЛОГ 1

Учениците дискутираат за сличностите на градот и селото, а потоа и за разликите меѓу градот и селото. Воочуваат дека градот е големо населено место, а селото е помало населено место. Го именуваат своето место на живеење (дали е град/село и име на градот/селото), го опишуваат и го споредуваат со илустрациите. Набројуваат што има во селото, а што нема во градот и обратно. Ги класираат картичките во две групи: **Град** и **Село** (прилог). Наставникот може да ги испечати или да ги постави картичките на некоја онлајн апликација во вид на квиз со поврзување.

#### ПРЕДЛОГ 2

Учениците се поделени во две групи. Првата група го опишува градот, а втората селото. Првата група ги реди картончињата на кои пишува (или има нацртано) **ГРАД** на немата карта. Истата постапка ја изведува и втората група.
Го именуваат своето место на живеење (дали е град/село и име на градот/селото), го опишуваат и го споредуваат со илустрациите.
Учениците воочуваат дека и градовите и селата се наоѓаат во иста држава. Тоа е нашата држава која се вика Република Северна Македонија. Секоја држава има свое знаме, па така и нашата држава има свое знаме. Учениците го опишуваат знамето кое наставникот им го прикажува.

#### ДОПОЛНИТЕЛНА АКТИВНОСТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ.

Замисли дека си туристички водич! Како ќе им го опишеш на туристите твоето место на живеење?

#### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кои се сличностите, а кои разликите меѓу градот и селото?
- На кој начин се поврзани градот и селото?
- Како се вика градот/селото во кој/кое живееш?
- Опиши го градот/селото во кој/кое живееш!
- Како се вика државата во која живееш?
- Опиши го знамето на Република Северна Македонија!





# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

### ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ



#### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците го опишуваат знамето на нашата држава, го препознаваат меѓу понудени две до три знамиња од други држави, а потоа го бојат. Ја слушаат химната на Република Северна Македонија и дискутираат за тоа каде ја имаат слушнато и во кои случаи се интонира химната.

#### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

#### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како се чувствувавте додека го боевте знамето и ја слушавте химната?

# ПРИЛОГ
















# СОДРЖИНА:
# БЕЗБЕДНО ИГРАМ И СЕ ОРИЕНТИРАМ ВО ПРОСТОРОТ




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Препознава и опишува безбедни места за игра (игралиште, парк, двор...). Разликува безбедно од небезбедно место за игра и движење. Се ориентира во просторот: лево/десно и напред/назад.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Игралиште, ориентација, лево/десно, напред/назад, безбедност, правила.

## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

Математика, тема: **Работа со податоци** (Собира, прикажува, толкува и чита податоци), **Геометрија** (Местоположба, движење и насока);

Ликовно образование, тема: **Пластично обликување** (Основни материјали/ средства за пластично обликување).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Учениците веќе имаат претходни знаења стекнати во градинка и семејниот дом за тоа каде и како треба правилно и безбедно да се движат и играат. Оваа содржина ќе биде насочена кон конкретизирање на безбедни и небезбедни места за движење и играње со фокусирање на последиците од избор и користење на небезбедно место за играње. Стекнатите знаења, умеења и разбирања ќе бидат основа за понатамошен развој на личниот и социјалниот развој насочен кон предвидување на последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите.




СОДРЖИНА:
# БЕЗБЕДНО ИГРАМ И СЕ ОРИЕНТИРАМ ВО ПРОСТОРОТ

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Макета на игралиште изработена од картон, кутии и друг материјал, црвени и зелени картончиња за секој ученик, презентација изработена од наставникот.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- Во текот на реализацијата на оваа наставна содржина секогаш наведувајте ја причинско-последичната врска од потребата за безбедно место за играње. Давајте конкретни примери за тоа каде и зошто треба да се одбере безбедно место за играње. Наведете ги дворот во домот/зградата/училиштето и детското игралиште како примери за безбедни места за играње. Заедно со учениците анализирајте ги деталите на секое место за играње - дали се безбедни или не.




# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА

#### ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА.

За време на слободните активности наставникот и учениците изработуваат макета на игралиште за деца на кое од десната страна има улица, а на левата страна паркиралиште за автомобили. Изработуваат и кукли од хартија.
На претходниот час наставникот им посочува на учениците да нацртаат или да напишат места на кои играле во текот на неделата.

#### ПРЕДЛОГ 1

Учениците ги презентираат резултатите од набљудувањето и дискутираат на кои места играле во текот на неделата. Резултатите ги запишуваат во вид на табела и воочуваат кое е најчестото место за игра.

#### ПРЕДЛОГ 2

Учениците следат презентација која наставникот претходно ја подготвил и дискутираат за тоа кои се нивните места за игра во споредба со тие од презентираните фотографии во презентацијата.

#### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- На кои места играте?
- Кои ви се заеднички места за играње?

# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ




## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците ја користат макетата на игралиште за да прикажат што се наоѓа од десната страна, а што се наоѓа од левата страна на игралиштето. Со помош на црвени картончиња обележуваат кои места не се безбедни за играње во и околу игралиштето. Дискутираат зошто тие места не се безбедни. Набројуваат и други места кои не се безбедни за играње и движење и објаснуваат зошто тие места не се безбедни. Набројуваат места кои се безбедни за играње и објаснуваат зошто тие места се безбедни.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Кои места за играње се безбедни?
- Зошто се безбедни?
- Кои места не се безбедни за играње и движење?
- Зошто не се безбедни?
- Што може да се случи ако играме и се движиме на небезбедни места?
- Опишите како изгледа безбедно, а како небезбедно место за играње и движење!




# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

### ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците се делат на две групи. Секој ученик од групите има црвено и зелено картонче. Наставникот кажува некое место за играње (на пример, улица), а учениците подигаат црвено или зелено картонче соодветно на тоа дали мислат дека улицата е безбедно или небезбедно место за играње. Резултатите за секоја група ги запишуваат во табела. Победува групата која има најмногу точни резултати. Учениците дискутираат за тоа на што треба да внимаваат кога избираат место за играње.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Набројте безбедни места за играње и движење!
- На што најмногу треба да внимавате кога избирате место за играње?

ТЕМА 4: МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ



СОДРЖИНА:

# БЕЗБЕДНО СЕ ДВИЖАМ И УЧЕСТВУВАМ ВО СООБРАЌАЈОТ (СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ И СЕМАФОР)




## ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ

**Математика, тема:**
**Геометрија**
(2Д-форми и 3Д-форми);

**Ликовно образование, тема:**
**Пластично обликување**
(Основни материјали/ средства за пластично обликување).

## ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА

Учениците кои посетувале градинка веќе се запознаени со значењето на семафорот. Оваа содржина претставува продлабочување на веќе стекнатите знаења и умеења, а ќе претставува и основа за надградување на темите од сообраќајната култура во наредните развојни периоди на учениците.

## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Препознава основни сообраќајни знаци и семафор.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Семафор (сообраќајни знаци).

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

Изработени модели на семафор за пешаци, семафор за возачи и основни сообраќајни знаци, хартиени кукли, импровизирана крстосница. Линк до видео за значењето на семафорот: https://www.youtube.com/watch?v=OB6cZh5uub8&t=4s.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- Секогаш нагласувајте ја безбедноста на учениците како пешаци учесници во сообраќајот. Доколку имате услови, наставната содржина може да ја изведете надвор од училницата со вежби за преминување улица на сообраќаен полигон во училишниот двор.



# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА



#### ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА.

На часот по предметот Ликовно образование, при обработка на содржини од темата: **Пластично обликување**, наставникот и учениците изработуваат семафор за пешаци и семафор за возачи, основни сообраќајни знаци и модел на крстосница кои ќе им послужат како нагледно средство при обработка на содржините по предметот Општество поврзани со сообраќај и безбедност во сообраќајот.

#### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ.

Учениците погодуваат гатанки за семафор и сообраќајни знаци. Го опишуваат изгледот на семафорот и основните сообраќајни знаци.

#### ПРЕТХОДНА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ.

Учениците во домашни услови ја следат видеолекцијата која наставникот ја поставува на Националната платформа за учење од далечина и одговараат на поставените прашања поврзани со лекцијата. Ваквото учење на лекцијата во домашни услови претставува основа за методот **Превртена училница**.

#### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како изгледа семафорот?
- Колку светла има?
- Во која боја се светлата на семафорот?
- Како изгледаат сообраќајните знаци?
- Каква форма и боја имаат?

# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ




## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

Учениците го следат презентирањето за семафорите и сообраќајните знаци од страна на наставникот и ја воочуваат нивната улога во сообраќајот, кое светло што значи и кој сообраќаен знак што значи. Го следат видеото на линкот: https://www.youtube.com/watch?v=OB6cZh5uub8&t=4s (Министерство за внатрешни работи), во кој се опишува семафорот, значењето на семафорот за безбедноста на пешаците и како да се почитува светлосната сигнализација од страна на пешаците. Дискутираат за содржината на видеото.

Учениците се поделени во две групи. Првата група со помош на хартиени кукли кои претставуваат пешаци изведува движење на пешаците на крстосница, притоа внимавајќи на светлосната сигнализација на семафорот и значењето на сообраќајните знаци. Членовите на другата група ја следат нивната активност и доколку воочат неправилност, извикуваат **СТОП**. Улогите на групите се менуваат. Се води дискусија за тоа колку е важно да се знаат и да се почитуваат знаците на семафорот и сообраќајните знаци. Воочуваат дека нивната безбедност во сообраќајот зависи од познавањето на сигнализацијата на семафорот и значењето на сообраќајните знаци.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Какви видови семафори постојат?
- Зошто служат тие?
- Што значи зеленото, а што црвеното светло на семафорот за пешаци?
- Што треба да правите кога ќе видите дека свети црвеното светло на семафорот за пешаци?
- Опиши што треба да правиш кога ја преминуваш улицата!
- Зошто е важно да го знаете значењето на семафорот и сообраќајните знаци?
- На кој начин ќе бидеш безбеден/безбедна во сообраќајот како пешак?

# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

### ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ

### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ

На дадена макета со улици, семафори и сообраќајни знаци учениците го наоѓаат патот од дома до училиште, притоа внимавајќи на сообраќајните знаци, семафорите и правилата за безбедно движење по улица. Откриваат неколку начини да стигнат до училиштето.




### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Опиши го патот од макетата кој го помина од дома до училиште!
- Дали можеш да најдеш и друг начин да стигнеш до училиште?
- Кој начин го одбра како најбезбеден?

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

# СОДРЖИНА: БРЗА ПОМОШ, ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА И ПОЛИЦИЈА




## СТАНДАРДИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Ги наведува телефонските броеви на Брзата помош, Полицијата и Противпожарната служба. Ги објаснува улогите на Брзата помош, Противпожарната служба и Полицијата и ги поврзува со конкретни ситуации.

## ПОИМИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ УСВОЈАТ

Брза помош/амбулантно возило, полицаец, полициско возило, противпожарно возило, пожарникар.

| ИНТЕГРАЦИЈА СО ПРЕДМЕТИ, ТЕМИ, СОДРЖИНИ | ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ СО ПРЕТХОДНИ И СЛЕДНИ ЗНАЕЊА |
|---|---|
| **Македонски јазик, подрачје:** **Слушање и зборување** (Водење краток разговор);<br><br>**Музичко образование, тема:** **Слушање музика** (Видови музика - детска музика);<br><br>**Ликовно образование, тема:** **Сликање** (Слика и колаж). | Се очекува учениците веќе да имаат основни познавања за значењето и улогата на Брзата помош, Противпожарната служба и Полицијата. Преку оваа наставна содржина тие ќе ги продлабочат веќе стекнатите знаења од градинка или од домот/заедницата во кои живеат. Новите продлабочени знаења ќе бидат основа за стекнување нови знаења од сообраќајот и сообраќајната култура. |




СОДРЖИНА:

# БРЗА ПОМОШ, ПРОТИВПОЖАРНА СЛУЖБА И ПОЛИЦИЈА

## ПОТРЕБНА ОПРЕМА И СРЕДСТВА

возила играчки (амбулантно, противпожарно, полициско возило играчка), текст „Во шумата“ (прилог), илустрации или фотографии од полицаец/полицајка, пожарникар/пожарникарка, доктор/докторка, подготвен онлајн квиз.

## СОВЕТИ ЗА НАСТАВНИКОТ

- Доколку сте во можност, повикајте гостин учесник на часот (полицаец/полицајка, пожарникар/пожарникарка, доктор/докторка) кој ќе раскажува интересни случки од својата работа, а учениците ќе му поставуваат прашања.
- Посочете им на учениците никогаш да не се јавуваат на телефонските броеви на службите без посебна потреба.
- Препознајте присуство на стереотипи и предрасуди кај учениците поврзани со наведените професии. Преку конкретни примери посочете им дека овие професии успешно и професионално ги извршуваат припадниците и на машкиот и на женскиот пол.

# ПРЕДЛОГ–АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ВОВЕДНА АКТИВНОСТ

### АКТИВИРАЊЕ НА ПРЕДЗНАЕЊАТА



**ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ.**

Учениците го следат текстот „Во шумата“ кој го чита наставникот/наставничката кој/која во исто време ја покажува и илустрацијата од материјалите за учење. Се делат во две групи и секоја група се договара кои прашања ќе ѝ ги постави на другата група. Групите одговараат на прашањето: *Зошто служат Брзата помош, Противпожарната служба и Полицијата?*, а потоа донесуваат заклучок дека ако има пожар се повикува Противпожарната служба, ако има законски престап се повикува Полицијата, а ако има опасност по здравјето на човекот се повикува Брзата помош.

**ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА**

- Зошто служат Брзата помош, Противпожарната служба и Полицијата?



# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ

## ГЛАВНА АКТИВНОСТ

**ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ**



### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ.

Учениците го опишуваат амбулантното возило (возилото за брза помош), противпожарното возило и полициското возило според автомобилите играчки или според илустрации. Ги набљудуваат илустрациите или фотографите кои наставникот им ги презентира и ја опишуваат униформата и улогата на полицајците, пожарникарите и докторите. На картички на кои има прикажано амбулантни возила, противпожарни возила и полициски возила ги запишуваат телефонските броеви за повик.

Учениците се делат во три групи и секоја група има задача да изведе ситуациона игра во која некој член на групата има потреба да повика Брза помош, Полиција или Противпожарна служба. На импровизиран телефон ја повикува соодветната служба. На крајот од играта дискутираат дали правилно проценилe која служба да се повика и дали го знаеле бројот за повикување.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Како изгледаат амбулантното, противпожарното и полициското возило?
- Како изгледаат униформите на луѓето кои работат во овие служби?
- Во која ситуација треба да повикате Брза помош, Полиција или Противпожарна служба?
- Кои се телефонските броеви за повикување?

# ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТИ ЗА ЧАСОТ




## ЗАВРШНА АКТИВНОСТ

**ИЗВЛЕКУВАЊЕ ЗАКЛУЧОЦИ**

### ПРЕДЛОГ-АКТИВНОСТ.

Учениците го решаваат квизот кој го подготвил наставникот (картички со поврзување, **ТОЧНО/НЕТОЧНО** или асоцијации) на онлајн апликација или на некоја од програмите за изработка на презентации. Дискутираат каде точно одговориле, а каде треба да поправат.

### РЕФЛЕКСИЈА

Учениците одговараат на прашања поврзани со тоа што правеле на часот, како се чувствувале, што научиле, зошто им е потребно тоа што го научиле.

### ПРЕДЛОГ ПРАШАЊА

- Зошто е потребно да ги знаеме броевите на Брзата помош, Противпожарната служба и Полицијата?

# ВО ШУМАТА

Влатко ненадејно влета во собата на Имер. Беше видно вознемирен и брзо зборуваше:

- Имер, брзо дојди да видиш што се случило! Горе, над селото, има многу насобран народ, возила, луѓе во униформи и се гледа чад од шумата!

Имер набрзина ги облече патиките и двајцата брзо истрчаа кон блиската шума за да видат што се случува.

И навистина, во подножјето на планината, малку подалеку од последните куќи на селото во кое живееја, беше се насобрал многу народ. Сите возбудено зборуваа. Имер забележа дека пожарникарите веќе ги собираат пожарникарските црева за вода, докторот и докторката стојат покрај амбулантното возило, а полицајката нешто го прашуваше насобраниот народ.

Во тој миг тука се најде и татко му на Влатко. Дојде до Влатко и Имер и само што сакаше да им каже да се вратат дома, Влатко го праша:

- Тато, што се случило? Зошто има Противпожарна служба, Полиција, Брза помош? Зошто чади од шумата?

- Сине, некој несовесен човек ја запалил шумата. За среќа, нашиот сосед Тарик приметил чад и веднаш ја повикал Противпожарната служба. Пожарникарите го изгаснаа огнот пред да ја зафати шумата.

- Значи затоа слушнав сирени. Свиреа, свиреа..., но не ми текна дека се работи за пожар, - рече Имер.

- Да, за среќа брзо дојдоа и пожарникарите, и Полицијата, и Брзата помош.



- Но, зошто и Полиција и Брза помош? Нели тие не гасат пожар?

- Амбулантното возило мора да дојде во случај да не има некој повреден човек, а Полицијата дојде да испита кој го запалил огнот. Предизвикувањето пожар е противзаконски, Имер, – одговори татко му на Влатко.

- Ох, воздивна Влатко, за среќа нема повредено никој, ама сторителот мора да се пронајде, а тоа е работа на Полицијата. Шумата можеше да изгори, а нели знаеме дека шумите се нашето природно богатство и мораме да ги чуваме. Се надевам дека веќе нема да има вакви случаи.

Народот веќе почна да се разотидува, но Влатко и Имер сè уште стоеја и ги гледаа пожарникарите како ја собираат опремата. Во тој момент тие беа нивните херои. Посакаа и тие да бидат пожарникари кога ќе пораснат.



# ПРИЛОЗИ



## ПРИЛОГ БР.1

### ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ[10]

| Содржина | Подрачје на компетенции | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Општество и демократска култура** | | Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура | |
| | Ученикот/ученичка-та знае и/или умее: | Ученикот/учени-чката разбира и прифаќа дека: | Ученикот/учени-чката знае и/или умее: | Ученикот/учени-чката разбира и прифаќа дека: |
| **Кој/која сум јас?** | **VI-А.5** да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); | **VI-Б.1** не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); | **V-А.13** да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; **V-А.17** да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; | **V-Б.2** осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |

[10] Наставна програма ОПШТЕСТВО за I одделение, Скопје, 2021 година.



| Што можам сега и што ќе можам во иднина? | VI-А.2 | VI-Б.2 | V-А.4 | V-Б.3 |
|---|---|---|---|---|
| | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување;<br><br>**V-А.6**<br>да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Што ми се допаѓа кај себе? (Мојот седмичен распоред)** | **VI-А.2** да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; | **VI-Б.2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-А.8** да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; | **V-Б.3** сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| **Што ми се допаѓа кај себе? (Со труд до успех)** | **VI-А.2** да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; | **VI-Б.2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-А.9** да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите;<br><br>**V-А.10** да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); | **V-Б.3** сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува;<br><br>**V-Б.4** секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Моите другари и другарки** | **VI-А.5**<br>да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);<br><br>**VI-А.6**<br>да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација;<br><br>**VI-А.7**<br>да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; | **VI-Б.1**<br>не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); | **V-А.10**<br>да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина);<br><br>**V-А.12**<br>успешно да се справува со социјални притисоци; | **V-Б.8**<br>интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Нашата училница и нашето училиште (Нашата училница)** | **VI-А.5** да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); | **VI-Б.2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-А.15** да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; | **V-Б.4** секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| **Нашата училница и нашето училиште (Нашето училиште)** | **VI-А.2** да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; | **VI-Б.2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-А.15** да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; | **V-Б.4** секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |

| Нашата училница и нашето училиште (Грижа за хигиената во училиштето и училишниот двор) | **VI-А.2**<br>да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; | **VI-Б.2**<br>сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-А.15**<br>да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите;<br><br>**V-А.19**<br>да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; | **V-Б.4**<br>секоја постапка која ја презема има последици по него/нea и/или по неговата/нејзината околина; |
|---|---|---|---|---|

| Нашата училница и нашето училиште (Како се однесувам во училница, училиште и училиштен двор?) | **VI-А.2** да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата;<br><br>**VI-А.6** да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација;<br><br>**VI-А.7** да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; | **VI-Б.1** не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);<br><br>**VI-Б.2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-А.10** да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина);<br><br>**V-А.19** да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; | **V-Б.4** секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина;<br><br>**V-Б.7** иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ние учениците и нашата наставничка/нашиот наставник** | **VI-А.2** да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата;<br><br>**VI-А.6** да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; | **VI-Б.1** не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);<br><br>**VI-Б. 2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-А.15** да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите;<br><br>**V-А.19** да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; | **V-Б.4** секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| **Дом и семејство – Каде живеам (куќа, стан)?** | **VI-А.3** да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; | **VI-Б.2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **IV-А.2** да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; | **IV-Б.1** дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Дом и семејство (Со кого живеам?)** | **VI-А.5** да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); | **VI-Б.1** не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); | **V-А.3** да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример, родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пример, ученик, син/ќерка); | **V-Б.2** осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Улоги и одговорности во домот** (Како се грижиме за нашиот дом?) | **VI-А.2** да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; **VI-А.6** да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; | **VI-Б.1** не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); **VI-Б.2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-А.15** да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; | **V-Б.8** интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| **Улоги и одговорности во домот** (Во мојот дом меѓусебно се почитуваме) | **VI-А.3** да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; | **VI-Б.2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-А.9** да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите; **V-А.19** да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; | **V-Б.8** интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активности во домот (Еден ден со моето семејство)** | **VI-A.2** да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; | **VI-Б.2** сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; | **V-A.8** да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; | **V-Б.3** сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| **Мојот град/село и мојата држава – Каде живеам (град/село, држава)?** | **VI-A.22** да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата; | **VI-Б.13** националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата; | **V-A.3** да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример, родов, етнички и национален идентитет); | **V-Б.2** осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Безбедно играм и се ориентирам во просторот** | **VI-A.11**<br>да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот; | **VI-Б.8**<br>секој граѓанин е должен да ги почитува законите и правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; | **V-A.9**<br>да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите;<br><br>**V-A.19**<br>да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; | **V-Б.4**<br>секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по него-вата/нејзината околина; |
| **Безбедно се движам и учествувам во сообраќајот (Сообраќајни знаци и семафор)** | **VI-A.11**<br>да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот; | **VI-Б.8**<br>секој граѓанин е должен да ги почитува законите и правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; | **V-A.9**<br>да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите; | **V-Б.4**<br>секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по него-вата/нејзината околина; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Брза помош, Против-пожарна служба и Полиција** | **VI-А.11**<br>да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот. | **VI-Б.8**<br>секој граѓанин е должен да ги почитува законите и правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите. | **V-А.9**<br>да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите. | **V-Б.4**<br>секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по него-вата/нејзината околина;<br><br>**VII-Б.5**<br>ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

# ПРИЛОГ БР. 2

## САМООЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

### ОПИС.

Бидејќи учениците на почетокот на првото одделение сè уште не се описменети, самооценувањето се реализира преку прикажување на симболи или скали кои учениците треба да ги заокружат, издвојат или обојат. На крајот на второто полугодие учениците се описменети и можат со куси реченици да се самооценат. Самооценувањето може да биде на крајот на часот, по некоја изведена активност, игра или на крајот на секоја обработена тема.

Пример за самооценување на крајот на часот (фаза пред описменување):

**КОЛКУ СУМ ЗАДОВОЛЕН/ ЗАДОВОЛНА ОД ТОА ШТО ГО НАУЧИВ НА ОВОЈ ЧАС? (ОБЕЛЕЖИ ГО ЕМОТИКОНОТ)**



Пример за самооценување на крајот на часот (фаза на описменување):

## Се самооценувам

Име и презиме________________________________________

Наставна содржина ____________________________________

Колку научив на овој час? (обој ја скалата)

1 2 3 4 5

Што ми беше најинтересно? (нацртај или напиши)

Што би сакала/сакал да научам уште нешто? (нацртај или напиши)

# ПРИЛОГ БР. 3

## ПРИМЕР ЗА МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА ВО НАСТАВЕН ДЕН

| | |
|---|---|
| | **КАКО СЕ ГРИЖИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ** |
| **Предмет** | **Општество** |
| **Тема** | **Мојот дом** |
| **Резултат од учење** | Ја објаснува улогата и одговорностите на децата и возрасните во семејството/заедницата. |
| **Стандарди за оценување** | Ги наведува и ги објаснува постапките за одржување на личната хигиена со одговорно користење на водата; идентификува каде се фрла отпадот од домаќинството; ја објаснува својата улога и улогата на членовите на семејството во одржувањето на хигиената во домот; ги разликува задолженијата и одговорностите на возрасните и децата во семејството/домот; објаснува дека и машките и женските членови на семејството се еднакво одговорни за грижата во домот (за одржување на хигиената, за готвењето и сл.). |
| **Содржина** | Улоги и одговорности во домот |
| **Поими** | Грижа, возрасни, задолжение, почит, одговорност, хигиена. |
| **Предмет** | **Мајчин јазик** |
| **Подрачје** | **Почетно читање и пишување** |
| **Резултат од учење** | Пишува зборови и куси реченици. |
| **Стандарди за оценување** | Пишува кратки реченици, користејќи голема буква и интерпункциски знаци (точка, извичник и прашалник). |
| **Содржина** | Почетно пишување |
| **Поими** | Печатни букви, мали букви, големи букви, точка, прашалник, извичник. |
| **Предмет** | **Математика** |
| **Тема** | **Работа со податоци** |
| **Резултат од учење** | Користи табели и дијаграми за донесување заклучоци; подредува, прикажува и чита податоци во табели и дијаграми. |

| | |
|---|---|
| **Стандарди за оценување** | Собира и бележи податоци во листа и табела; средува податоци во табела; чита и објаснува податоци претставени со табела. |
| **Содржина** | Собира, прикажува, толкува и чита податоци од столбест дијаграм |
| **Поими** | Податоци, табела, столбест дијаграм. |
| **Предмет** | **Ликовно образование** |
| **Тема** | **Сликање** |
| **Резултат од учење** | Ги разликува основните бои и креативно се изразува со нив. |
| **Стандарди за оценување** | Слика познати ликови и предмети од околината. |
| **Содржина** | Слика и колаж |
| **Поими** | Слика, основни бои, нијанси, светло, темно, сликање. |
| **Потребна опрема и средства** | Табели за запишување на резултати, илустрации, презентација подготвена од наставникот, хартија (листови од блок), темпери, моливи. |
| **Следење на напредокот** | Усни одговори во дискусија; усни и писмени одговори поставени од страна на наставникот; начин и постапка при решавање на задачите; активност и придонес во групната работа; придонес во изведување заклучоци.<br>**Забелешка.** На часот по предметот Општество ќе се користи **Рубрика** како инструмент за следење на напредокот на учениците. |
| **Активности (Предвидени се 1 час за претходна подготовка и 5 наставни часа заедно со слободните активности.)** | |
| **Претходна подготовка** | Учениците се поделени во три групи и за домашна работа ја имаат следнава задача:<br>- членовите на првата група запишуваат кој што работи во нивниот дом;<br>- членовите на втората група собираат податоци за што ја користат водата во текот на денот членовите на нивните семејства;<br>- членовите на третата група собираат податоци за тоа како се селектира отпадот од нивниот дом.<br>Податоците ги запишуваат во претходно подготвени табели од страна на наставникот (прилог). Добиените податоци ќе им користат за претстоечките активности во работниот ден. |

| | |
|---|---|
| **Општество**<br><br>**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ**<br>**- Активирање на предзна-ењата** | Учениците следат презентирање на илустрации на кои се прикажани различни активности во домот кои ги изведуваат децата. Секој ученик на лист забележува колку активности од прикажаните изведува во својот дом. На крајот учениците го сумираат вкупниот број активности и доколку има некои активности кои не се презентирани, ги дополнуваат. Секој ученик ги набројува неговите активности во домот. Учениците одговараат на прашањата: Кои се твоите задолженија во домот? - Кога и како ги извршуваш? |
| **ГЛАВНА АКТИВНОСТ**<br>**- Искуствено учење** | Учениците ја следат презентацијата која ја подготвил наставникот во која се прикажани сцени од секојдневните активности во домот, но овој пат од страна на сите членови на семејството (одржување хигиена во домот, готвење, пеглање, гледање телевизија, полевање на цвеќињата, играње друштвени игри, пазаруваат, уредуваат двор/градина, се грижат за миленичиња, вршат поправки итн.). Се поведува дискусија за тоа што од прикажаното го прават во нивниот дом и кој што работи во нивниот дом. Се дискутира за стереотипноста на родовите улоги во домот. Се поведува дискусија во врска со следните прашања: *Кои задолженија во домот ги имаат возрасните, а кои децата? - По што се разликуваат тие задолженија? - Преку кои активности помагаш дома? - Зошто децата не можат да ги прават некои работи кои ги можат возрасните? - Кои задолженија можете да ги правите заедно со возрасните? - Кое задолжение со задоволство го извршуваш? - Дали има поделба на машко-женски работи? - Што можеш да направиш за да нема таква поделба? - Што ќе се случи ако членовите на семејството не се придржуваат кон своите обврски?* |
| **ЗАВРШНА АКТИВНОСТ**<br>**- Извлекување заклучоци** | Учениците дискутираат и даваат предлози за тоа на кои други начини можат да придонесат за уредноста, хигиената, заштедата на вода и електрична енергија и за правилно складирање на отпадот од домаќинството. |
| **Мајчин јазик**<br><br>**ВОВЕДНА АКТИВНОСТ**<br>**- Активирање на предзна-ењата** | Учениците повторно ја следат презентацијата на која се прикажани активности на децата во домот и ги читаат кусите реченици под секоја илустрација поврзани со активностите во домот. На пример: Момчето го полева цвеќето. -*Девојчето го мести креветот*. -*Момчето ја средува собата* итн. На тој начин ги повторуваат изучените букви и вежбаат читање наглас. |

| | |
|---|---|
| **ГЛАВНА АКТИВНОСТ** - Искуствено учење | Учениците ја следат презентацијата која ја подготвил наставникот во која се прикажани сцени од секојдневните активности во домот, но овој пат од страна на сите членови на семејството (одржување хигиена во домот, готвење, пеглање, гледање телевизија, полевање на цвеќињата, играње друштвени игри, пазаруваат, уредуваат двор/градина, се грижат за миленичиња, вршат поправки итн.) и за секоја илустрација усно кажуваат реченица. Се делат на три групи и пишуваат реченици поврзани со илустрациите. Првата група изведува активности за составување прашални реченици со користење на интерпункцискиот знак прашалник. Втората група составува извични реченици со користење на знакот извичник на крајот на реченицата. Третата група составува раскажни реченици. Ги презентираат изработките. Речениците ги запишуваат на налепници/стикери кои ќе ги употребат при изработка на книгата „Како се грижиме за нашиот дом“. |
| **ЗАВРШНА АКТИВНОСТ** - Извлекување заклучоци | Учениците ги селектираат речениците преку кои искажуваат правила за штедење на водата, правилно селектирање на отпадот од домаќинството и правила за однесување во домот. Се поведува дискусија во врска со прашањето зошто е потребно да знаат како се пишуваат и читаат раскажните, прашалните и извичните реченици. |
| **Математика** <br> **ВОВЕДНА АКТИВНОСТ** - Активирање на предзнаењата | Секој ученик на лист забележува колку активности од прикажаните изведува во својот дом. На крајот секој ученик го сумира (собира) вкупниот број активности и доколку има некои активности кои не се презентирани, учениците ги дополнуваат на листот. Одговараат на прашањата: *За колку повеќе/помалку активности има ученикот 1 од ученикот 2? - Колку вкупно активности имаат учениците на ниво на паралелка?* <br> Учениците ги презентираат нивните одговори. |
| **ГЛАВНА АКТИВНОСТ** - Искуствено учење | Учениците ги презентираат собраните податоци од домашната задача. Врз основа на резултатите прикажани во табелите се креираат табели со столбест дијаграм во кои се прикажани резултатите од целата паралелка. Се поведува дискусија за бројот на обврски според членовите на семејството, на пример, колку пати во денот се вклучува чешмата, колку отпад се фрла. Учениците дискутираат за тоа кој член од семејството извршува најмногу обврски, кој најмалку, како треба да биде распоредувањето на обврските, кој троши најмногу вода, за што се троши најмногу вода, а за што најмалку итн. Потоа се преминува на составување и решавање текстуални задачи поврзани со добиените резултати. Најпрво наставникот дава пример, а потоа учениците, поделени во парови, составуваат текстуални задачи. |

| | |
|---|---|
| | На пример: *Миле во текот на денот ја вклучува чешмата 10 пати. Неговата сестра 8 пати. Колку вкупно пати ја вклучуваат чешмата во текот на денот? - Јана фрли 14 хартии во корпата за хартија, а Лина за 4 помалку. Колку хартија фрли Лина? - Собери го бројот на твоите обврски во домот со бројот на обврски во домот на твоето другарче!* итн. Учениците ги решаваат задачите и ги презентираат одговорите. Задачите и решенијата ги пишуваат на налепници/стикери кои ќе ги употребат при изработка на книгата „Како се грижиме за нашиот дом“. |
| **ЗАВРШНА АКТИВНОСТ** - Извлекување заклучоци | Учениците ги селектираат задачите според тоа на која група ѝ припаѓаат: правила за штедење на водата, правилно селектирање на отпадот од домаќинството и правила за однесување во домот. |
| **Ликовно образование** <br> **ВОВЕДНА АКТИВНОСТ** - Активирање на предзнаењата | Учениците дискутираат за тоа кои бои се застапени на илустрациите, кои бои се основни, откриваат присутност на основните бои во непосредната околина. Ги набројуваат обврските на децата во домот, начините на штедење на водата и селектирање на отпадот од домаќинството. Преку оваа дискусија се определува мотивот на ликовните творби кои ќе ги изработуваат. Дискутираат за тоа која сликарска техника ќе ја применат во ликовните творби. |
| **ГЛАВНА АКТИВНОСТ** - Искуствено учење | Учениците се делат на три групи. Првата група треба да ги наслика обврските на децата во домот (секој член на групата црта по една до две обврски); втората група треба да наслика на кој начин може да се штеди водата во домот, а третата треба да наслика на кој начин се селектира отпадот во домот. Сликите ги сликаат на претходно подготвени листови во А4-формат од страна на наставникот. |
| **ЗАВРШНА АКТИВНОСТ** - Извлекување заклучоци | Секоја група ги презентира изработките пред своите другарчиња. Ликовните творби се анализираат и естетски се проценуваат од страна на учениците и наставникот. Изработките ги групираат според мотивот по кој сликале. |
| **Слободни активности** | Сите изработки се собираат и се креира книга со наслов „Како се грижиме за нашиот дом“. Книгата се презентира пред другите ученици и наставници. |

# ПРИЛОГ

| Група 1: Активности во домот | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јас | Мајка | Татко | Брат/ сестра | Баба | Дедо | Други членови на семејството |
| Готви | | | | | | | |
| Брише прав | | | | | | | |
| Ја поставува и раскрева масата пред и по јадење | | | | | | | |
| Мие садови | | | | | | | |
| Ја средува детската соба | | | | | | | |
| Мести кревети | | | | | | | |
| Ги полева цвеќињата | | | | | | | |
| Го храни домашното милениче | | | | | | | |
| Го шета домашното милениче | | | | | | | |
| Оди на пазар/ пазарува | | | | | | | |

| Група 2: Користење на водата | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јас | Мајка | Татко | Брат/ сестра | Баба | Дедо | Други членови на семејството |
| Мие раце/ лице | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мие заби | | | | | | | |
| Се туширa | | | | | | | |
| Ги вади цвеќињата | | | | | | | |
| Го мие дворот | | | | | | | |
| Мие садови | | | | | | | |

| **Група 3: Селектирање на отпад** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Јас | Мајка | Татко | Брат/ сестра | Баба | Дедо | Други членови на семејството |
| Ја селектира хартијата | | | | | | | |
| Ја селектира пластиката | | | | | | | |
| Го селектира стаклото | | | | | | | |

## РУБРИКА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАПРЕДОКОТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

| **Категории (стандарди за оценување)** | **1 поен** | **2 поени** | **3 поени** | **4 поени** |
|---|---|---|---|---|
| Ги разликува задолженијата и одговорностите на возрасните и децата во семејството/ домот. | Ги разликува задолженијата и одговорностите на возрасните и децата само со помош на наставникот. | Ги разликува задолженијата и одговорностите на возрасните и децата во семејството/ до-мот со поттикнување и насоки од страна на наставникот и соучениците. | Ги разликува задолженијата и одговорностите на возрасните и децата во семејството/ домот со повремени насочувања од наставникот. | Самостојно ги разликува и ги опишува задолженијата и одговорностите на возрасните и децата во семејството/ домот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Објаснува дека и машките и женските членови на семејството се еднакво одговорни за грижата во домот (за одржување на хигиената, за готвењето и сл.). | Одговорностите и задолженијата во домот ги дели според полова припадност. | Објаснува за подеднаква распределба на одговорностите и задолженијата во домот, но не е сигурен во одговорите. | Објаснува за подеднаква распределба на одговорностите во домот со повремени насочувања од наставникот. | Самостојно објаснува дека и машките и женските членови на семејството се еднакво одговорни за грижата во домот (за одржување на хигиената, за готвењето и сл.). |
| Ја објаснува својата улога и улогата на членовите на семејството во одржување на хигиената во домот. | Знае како се одржува хигиената во домот, но не ја дефинира својата улога и улогата на членовите од семејството. | Ја објаснува својата улога и улогата на членовите на семејството во одржување на хигиената во домот со помош на наставникот и соучениците. | Ја објаснува својата улога и улогата на членовите на семејството во одржување на хигиената во домот со повремени насоки дадени од наставникот. | Самостојно и конкретно ја објаснува својата улога и улогата на членовите на семејството во одржување на хигиената во домот. |
| Ги наведува и ги објаснува постапките за одржување на личната хигиена со одговорно користење на водата. | Не наведува постапки за одржување на личната хигиена со одговорно користење на водата. | Наведува дел од постапките за одговорно користење на водата со поттик од страна на наставникот. | Ги наведува и ги објаснува постапките за одржување на личната хигиена со одговорно користење на водата со повремени насоки од наставникот. | Самостојно ги наведува и ги објаснува постапките за одржување на личната хигиена со одговорно користење на водата. |
| Идентификува каде се фрла отпадот од домаќинството. | Не идентификува места за фрлање на отпадот од домаќинството. | Наведува место каде што се фрла отпадот со помош на наставникот. | Идентификува каде се фрла отпадот од домаќинството со повремени насоки на наставникот. | Самостојно идентификува каде се фрла и како се селектира отпадот од домаќинството. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Соработува и дава придонес во работата на групата. | Не соработува со учениците во групата и не учествува во успешното завршување на зададените задачи. | Ретко соработува со учениците во групата и дава мал придонес за успешно завршување на зададените задачи. | Соработува со неколку ученици во групата и дава придонес за успешно завршување на зададените задачи. | Постојано соработува со сите ученици во групата и дава голем придонес за успешно завршување на зададените задачи. |
| Вкупно | | | | |

# ПРИЛОГ БР. 4

## ПРИМЕР ЗА ПРИМЕНА НА МЕТОДОЛОГИЈА НА ДИЗАЈНЕРСКО РАЗМИСЛУВАЊЕ

| | **Општество** | **Природни науки** | **Македонски јазик** | **Ликовно образование** |
|---|---|---|---|---|
| **Тема/ подрачје** | **Мојот дом** | **Материјали** | **Медиумска писменост и медиумска култура** | **Пластично обликување** |
| **Резултати од учење** | Се идентификува себеси како член на семејство/ заедница. | Ја поврзува примената на материјалите со нивните својства. | Издвојува информации од различни видови медиуми со помош на наставникот. | Твори со разни постапки: кинење, сечење, виткање, спојување, раздвојување, превиткување, обликување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Стандарди за оценување** | Го опишува домот, ги идентификува просториите во домот и објаснува за што се користат. | Прави врска меѓу својствата на материјалот и неговата примена. Ја објаснува примената на материјалите во зависност од нивните својства. | Издвојува информации од пишан текст по дадени насоки (од брошура, реклама од весник/билборд, списание за деца, текст преземен од интернет). | Идентификува природни и вештачки материјали кои можат да се користат за обликување. Користи различни природни и вештачки материјали во обликувањето. |
| **Содржина** | *Каде живеам?* | *Примена на материјалите* | *Информации од различни медиуми* | *Основни материјали/ средства за пластично обликување* |
| **Поими** | Куќа/стан, простории во домот. | Хартија, картон. | Списанија за деца, интернет. | Природни и вештачки материјали. |
| **Потребна опрема и средства** | Листови хартија, лаптоп, интернет, картонски кутии, лепило, ножички, глина, пластелин, кукли. | | | |
| **Следење на напредокот** | Усни одговори во дискусија; усни и писмени одговори поставени од страна на наставникот; активност и придонес во групната работа; придонес во изведување  заклучоци; практична изведба. | | | |

| Час | Активности (Предвидени се 6 часа заедно со часот за слободни активности) |
|---|---|
| **1.и 2. час**<br><br>**Истражување и разбирање (градење емпатија кон корисникот)** | Учениците ја слушаат приказната која наставникот им ја чита или усно им ја раскажува (прилог). Дискутираат во врска со содржината. Воочуваат дека решение на проблемот од приказната е да се направи куќа за куклите. Наставникот ги дели учениците на 3 групи, а тие ги следат инструкциите кои се однесуваат на начинот на спроведување на методата за истражување и нејзината цел. Секоја група има задача да примени по една метода (набљудување, истражување и интервјуирање).<br>**Прва група: НАБЉУДУВАЊЕ.** Учениците ја следат презентацијата или видеото кое наставникот им го презентира во кое се опишани видовите домови (куќа или стан) и просториите во домот.<br>**Втора група: ИСТРАЖУВАЊЕ**. Учениците истражуваат на интернет и/или од детски списанија примери за макети за изработка на куќа за кукли. Наставникот им посочува како да пребаруваат и кои податоци можат да ги користат. Добиените резултати ги печатат (доколку има можност), запишуваат или цртаат на листови.<br>**Трета група: ИНТЕРВЈУИРАЊЕ.** Учениците ги интервјуираат своите соученици и вработените во училиштето со користење на *5 Зошто?* На пример: *Зошто куќата за кукли е најдобро да се направи од картон? - Зошто не можеме да ја направиме од метал или стакло? - Зошто макетите се изработени од материјал кој лесно се витка, сече, лепи?* итн. Содржината на секое наредно прашање *Зошто...?* ќе зависи од дадениот одговор на интервјуираната личност. Одговорите на интервјуираните се запишуваат во вид на аудиозапис, видеоснимка или текст.<br>**Изведување заклучок.** Учениците,  врз основа на добиените заклучоци, се насочуваат да идентификуваат по три предизвици за решавање на проблемот. На пример: |

| НАБЉУДУВАЊЕ | ИСТРАЖУВАЊЕ | ИНТЕРВЈУИРАЊЕ |
|---|---|---|
| Луѓето живеат во стан или куќа. | Има различни видови куќи за кукли. | Макетите се прават од материјал кој е лесен за работа. |
| Во секој дом има неколку видови простории и секоја просторија има своја намена. | Во куќите за кукли просториите се исти како во вистинските домови, но се помали. | Куќата за кукли најлесно е да се направи од подебел картон. |
| Во домот треба да се чувствуваме сигурно и сакано. | Куќата за кукли може да се направи со шаблон, но можеме и сами да ја креираме. | Во куќите за кукли мебелот може да се изработи од празни кутии, пластелин, глина. |

| | |
|---|---|
| **3. час**<br><br>**Дефинирање на предизвикот** | **Стеснување на фокусот**. Се избира една тема која е најблиска до нивните можности за реализација. При дефинирање на предизвикот се користи методот  Групирање по теми**.** Идентификуваните предизвици ги групираме и избираме една тема - **Изработка на куќа за кукли и предмети/мебел за просториите во домот.** |
| **Генерирање на идеи** | Преку техниката Бура на идеи учениците даваат предлози како и од што може да се направи макетата на куќата за кукли и предметите/мебелот за просториите во куќата/домот на куклите, како ќе изгледа, со колкава големина ќе биде, за што ќе се користи. Идеите се запишуваат на табла. На учениците им се чита **матрицата за евалуација** која ги содржи следните елементи:<br>- од картонот, пластелинот и глината да се создадат предмети кои ќе бидат практични за употреба;<br>- предметите да бидат лесни за изработка;<br>- да можат да се користат подолго време.<br>(**Забелешка**. Бидејќи во овој период учениците се во фаза на описменување, се запишуваат само кратки зборови или реченици.)<br>Учениците гласаат за предложените идеи. Идејата со најголем број гласови се прифаќа да биде прототипот кој ќе го изработуваме наредниот час. |
| **4. и 5. час**<br><br>**Прототипирање** | На почетокот на часот се повторуваат елементите на матрицата за евалуација и избраниот предмет кој ќе го изработуваат. Прототипот е од физички карактер, има практична примена и ќе се користи за потребите на темата **Мојот дом**. Учениците се поделени во две групи и работат на изработка на куќата за кукли и мебел/предмети за домот на куклите. При изработката учениците ги воочуваат карактеристиките на материјалите со кои работат (хартија: виткање, сечење, лепење; пластелин и глина: тегнење, гмечење, кинење) и ги опишуваат просториите и намената на просториите во домот. |
| **6. час**<br><br>**Тестирање** | **Тестирањето** на изработените предмети се изведува во училницата и во другите училници кај своите соученици. Изработените предмети се демонстрираат и се добиваат идеи за нивна употреба.<br>**Собирање податоци и насоки за подобрување.** Учениците преку анкета се изјаснуваат дали им се допаднале изработените предмети, колку се лесни или тешки за изработка, дали се практични и што би подобриле кај изработените предмети. Добиените идеи за подобрување ќе се искористат за изработка на други предмети кои ќе имаат практичен карактер. |

# ПРИКАЗНА ЗА КУКЛИТЕ

Во еден град има едно училиште, а во училиштето има една училница. Но, таа не е обична училница. Во неа има ученици, има табла, има клупи и столчиња и шкафчиња и учебници  и играчки. Е, кога сме кај играчките, сигурно ве интересира какви играчки има? Хмм, ајде да наброиме! Има една желка, еден зајко, неколку топчиња и три-четири кукли. Во училницата има сѐ, само едно нешто нема. Нема куќичка каде да живеат куклите. А тие се толку тажни затоа што немаат куќичка. Затоа еден ден решија на децата кои учат во таа училница да им го кажат нивниот проблем. Кога децата дознаа, веднаш се собраа и почнаа да се договараат како да го решат проблемот. Што мислите ученици, како децата од тоа училиште го решија проблемот?

## Фотографии:

*Фотографиите во Прирачников се направени во паралелките на наставниците:*

- *Лејла Иљази-Сејдиу (стр. 77,78)*
- *Соња Трифуновска (стр.90, 91, 92, 95, 97, 99, 100, 101)*
- *Данче Атанасовска-Илиева (стр. 108, 109)*

## Користена литература


- *Концепција за основно образование. 2021. Скопје.*
- *Национални стандарди за постигањата на учениците на крајот на основното образование. 2021. Скопје: МОН, БРО.*
- *Наставна програма по општество за прво одделение. 2021. Скопје: МОН, БРО.*
- *Планирање и реализација на наставата според новата концепција за основно образование, Модул 2. 2021. МОН, БРО.*
- Илиоска, Г. 2021. *Општество за I одделение, материјали за учење.* Скопје: БРО.
- *Anderson, L.W., Krathwohl, D.R. i saradnici. 2001. A Taxonomy for Learning, Teaching, and Assessing; A Revision of Bloom's Taxonomy of Educational Objectives.*
- Mikanović, Brane. 2014. *Ishodi učenja i standardi znanja u osnovnom obrazovanju.*
- Прентон Кит, Снежана Јанкуловска. *Настава и учење на 21-от век.* 2009. Скопје: Проект за основно образование на УСАИД.
- https://www.teachthought.com/critical-thinking/blooms-taxonomy-verbs, пристапено во декември 2021.
- https://www.teachthought.com/pedagogy/differentiated-instruction, пристапено во декември 2021.
- Мицковска, Горица. 2015. *Формативно оценување во одделенска настава: прирачник.* Скопје.
- Дамовска, Лена. 2021. *Играта и учењето - нови концепти во раното учење.* Скопје:  Просветно дело.
- Liedtka, J. 2018. Why design thinking works. Harvard Business Review, 96(5), 72-79.
- Игор Димовски, Ристо Малчески, Цветанка Малческа. 2019. *Следење, проверување и оценување на постигањата на учениците.* Скопје: Армаганка.

